РОДОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ВО ОДБРАНАТА | СЕЕСИМ ПРОЕКТ НА СЕДМ | РАЧНА БОМБА „М75“ | КОПНЕНИ СИЛИ НА НАТО

ШТИТ

Број 102
Април 2018
50 денари
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Министерката за одбрана Радмила Шекеринска во официјална посета на Република Турција

Поддршката за Македонија е силна и константна



Годишнина од дипло
Мустафа Кемал

Во Битола се одржа свечена церемонија по повод традиционалното одбележувањето на годишнината од дипломирањето на Мустафа Кемал Ататурк во тогашната Воена гимназија во Музејот во Битола каде се наоѓа спомен-собата на Кемал Ататурк. На свеченоста присуствуваа заменикот на министерот на одбрана, Беким Максути, претставници од МО и ГШ на АРМ, воени аташеи акредитирани во Р. Македонија, делегација на Вооружените сили (ВС) на Република Турција и други високи гости по повод одбележување 119 години од овој настан. Исто така, присутни беа и питомци од воените училишта на ВС на Република Турција. Генералот Мухамет Рацај, во својот говор, истакна дека Република Турција е земја со која први имаме потпишано спогодба за соработка во областа на одбраната и е една од најголемите поддржувачи на Армијата на Македонија. Заедничкото учество на офицерите на АРМ во Кабул во рамките на турскиот контингент е најдобар доказ за соработката и односите меѓу двете армии.



мирањето на Ататурк

Амбасадорката на Република Турција во Република Македонија, Н.Е. Тулин Еркал Кара и бригадниот генерал Битлислиоглу се заблагодарија на дочекот и на поддршката во организацијата на свеченоста по повод одбележувањето на 119 години од дипломирањето на Мустафа Кемал Ататурк на Воената гимназија во Битола, како настан од историјата кој ги спојува двете пријателски земји. Притоа се осврна и на влијанието на школувањето и на поминатото време во својата рана возраст во оваа гимназија за неговата понатамошна воена и државничка улога во формирањето на современа Република Турција.

Кристина Илиевска







содржина

ШТИТ ■ година X ■ број 102 ■ април 2018

Инфо 5

На прва линија
Родови перспективи во одбраната 6

Инфо
Стратегиски комуникации и јавна дипломатија 10

Глобал
Врховен командант на сојузничките сили во Европа (SACEUR) 12

Глобал
Копнени сили на НАТО 14

Поводи
Иновациите – движечка сила на едно општество 22

24 часа
Од дневникот на мировникот Македонска фурна во Кабул 24

Вооружување
Рачна бомба „М75“ 32

Вооружување
„ARV Coyote“ - Канадско извидувачко оклопно возило 36

Глобал
Случувањата во Либија по падот на Гадафи 40

Глобал
Сексуално вознемирување на работното место 44

Фељтон
Односот на Соединетите Американски Држави кон македонското прашање од 19 век до крајот на Првата светска војна 48

Филм
„Данкирк“ 56

Убавините на Македонија
Селото Гари - бисерот на Мијачкиот крај 58

Родова чувствителност

Министерството за одбрана од секој аспект се стреми да ги реализира поставените НАТО-партнерски цели. Треба да се потсетиме дека една од тие цели е и имплементацијата на родовата рамноправност и родовите перспективи во секторот одбрана. И во изминатиот период, а особено со назначувањето на Радмила Шекеринска за министерка за одбрана, беа преземени бројни активности за постигнување на определбите содржани во партнерската цел.

Во месецот што измина, токму на оваа тема се одржа и јавна трибина организирана од страна на Министерството за одбрана, на која високи претставници од Владата и од Собранието на Република Македонија одговараа и дебатираа со присутните за состојбите со родовата рамноправност и родовите перспективи во одбраната. Министерката за одбрана Радмила Шекеринска, потпретседателката на Собранието, Фросина Ташевска Ременски, вицепремиерот Бујар Османи, министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, амбасадорката на Република Хрватска, Даниела Баришиќ, како и припадници на Армијата на Република Македонија и на Министерството за одбрана, ги изложија своите видувања за состојбите, но пренесоа и силна порака дека сè уште треба интензивно да се работи, да се зборува и да се дебатира за да се постигне посакуваниот родов баланс во секторот одбрана и да се отстранат сите дискрепанци, стереотипи и негативни појави поврзани со родот.

Нашето списание како јавно гласило и информатор за активностите во рамките на АРМ и МО секогаш наоѓало простор да известува на оваа тема, па и во овој број пишуваме за оваа трибина. Сме пишувале и претходно, за проектите, за обуките, за соработката и за проблемите во врска со родовата рамноправност и родовите перспективи во одбраната. Во овој уводник сакам накратко да се осврнам на еден јазичен проблем на кој како да не му се посветува доволно внимание во нашето општество од страна на компетентните. Сè уште во Република Македонија не е официјализирана употребата на родово-сензитивниот јазик. Сè уште во нашата јазична нормативна не се обрнува доволно внимание на овој проблем и не се користи женски род за одредени професии. Признавам дека и во нашето списание ограничувањата на јазичната норма и правопис не ни дозволуваат да си напишеме дека списанието има уредничка, а не уредник, дека лекторот е лекторка, а припадничката за која пишуваме е полковничка, а не полковник итн. Лично бев многу горда и задоволна кога прв пат министерката за одбрана се обрати пред вработените во МО и АРМ и кога беше (според правописот) повикана да се обрати како министер за одбрана, а таа гласно започна со зборовите „Јас како министерка за одбрана“, и веднаш ми беше јасно дека во периодот што е пред нас на чело на одбраната навистина ќе биде родово чувствителна и одговорна личност која ќе посвети доволно внимание за подигнување на родовата свест, рамноправност и перспектива во секторот одбрана.

д-р Жанет Ристоска



ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
Радмила Шекеринска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Митко Василевски
(новинар),
Кристина Илиевска
(новинар),
Ксенија Митева
(лектор);
Александар Атанасов
(фотографии)

Печати:
„ДАТАПОНС“
Скопје

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје,
Република Македонија

Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk;
E-mail: stit@morm.gov.mk

ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА
0800 50030

Поддршката за Македонија е силна и константна

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска, на покана на министерот за национална одбрана на Турција Нуретин Џаникли, оствари неколкудневна официјална посета на Република Турција, при што освен со домаќинот, министерот за одбрана Нуретин Џаникли, таа оствари средби и со премиерот на Турција Бинали Јилдирим и со министерот за надворешни работи Мевлут Чавушоглу







На средбата со министерот за национална одбрана на Турција Нуретин Џаникли, министерката Шекеринска истакна дека Македонија работи напорно за да стане земја-членка на НАТО. Притоа се заблагодари за континуираната поддршка од Република Турција. „Турција е земјата што постојано ги отвораше вратите за Република Македонија за членство во НАТО-алијансата. На едно ниво имаме значајна политичка поддршка од Турција, а на друго кое е исто толку важно, е и поддршката во областа на одбранбените реформи и модернизацијата на вооружените сили“, истакна министерката. Министерот Џаникли на средбата рече дека Македонија е братска и пријателска земја и дека Турција ја поддржува Македонија на патот кон НАТО. На средбата министерот Џаникли информираше дека веќе е формирана група за поддршка на реформите во одбраната во Македонија и додаде дека таа група наскоро ќе пристигне во Македонија каде ќе ги оцени потребите и начините како Турција ќе ѝ помогне на Македонија во реализацијата на одбранбените реформи. Министерката Шекеринска го нагласи и интересот на Владата за соработка во делот на наменската индустрија во Р. Македонија, по што беше договорена и посета на турски тимови на соодветните капацитети во нашата држава.

Во рамки на посетата на Турција министерката за одбрана Шекеринска се сретна и со турскиот премиер Бинали Јилдирим и со министерот за надворешни работи Мевлут Чавушоглу. На средбата со премиерот Јилдирим, министерката ја истакна важноста од одржувањето на чести средби на раководствата на двете земји во зацврстувањето на соработката. Јилдирим потенцираше дека поддршката на Турција за членството на Р. Македонија во НАТО останува непроменета и силна. На средбата со министерот Чавушоглу беше констатирано дека Турција ги помага и ги поддржува аспирациите на Македонија за членство во НАТО и дека тоа е особено важно во следните клучни месеци. Притоа, Шекеринска потенцираше дека Македонија и нејзините граѓани ја ценат турската поддршка на патот кон Алијансата од самиот почеток на овој процес. Министерката истакна дека политиката на отворени врати на НАТО е многу важна за Македонија и дека на тоа прашање очекуваме силна поддршка од Турција. „Добриот збор, железни врати отвора. Го очекуваме и сметаме на вашиот добар збор“, рече министерката. Министерот Чавушоглу ја повтори без резервната поддршка од страна на Турција за зачленување на Македонија во НАТО и истакна дека таа ќе продолжи и на Министерскиот состанок на Алијансата во април и на Самитот во Брисел во месец јули.



Родови перспективи во одбраната

Овој 8 Март како Меѓународен ден на жената во Министерството за одбрана беше одбележан на посебен начин. Имено, наместо музика и наменски подароци, жените од Армијата на Република Македонија и од Министерството за одбрана имаа можност да присуствуваат и да учествуваат на трибината „Родови перспективи во одбраната“, која се организираше во просториите на Воениот музеј на Македонија и од која заминавме со чувство на исполнетост и сознание дека прашањата за родовата рамноправност и родовите перспективи во одбраната се соодветно третирани



Трибината „Родови перспективи во одбраната“ ја отвори постојаната координаторка на ОН и постојана претставничка на Програмата за развој на ОН (UNDP) во Македонија, Луиза Винтон, која потенцираше дека во Македонија има напредок во унапредувањето на правата на жените, родовата рамноправност, дека гледа сè поголем број на жени кои се дел од одбранбените сили и додаде дека жените во одбраната не се товар, туку одлична можност која може да даде особен придонес во одбранбените системи. Министерката за одбрана и вицепремиерка во Владата на Република Македонија, заедно со заменикот-претседател на Владата, Бујар Османи, потпретседателката на Собранието Фросина Ташевска Ременски и министерката за труд и социјална политика Мила Царовска како панелисти на Трибината одговараа на неколку значајни прашања во врска со родовата рамноправност и родовите перспективи во одбраната, но и за редица други прашања и проблеми поврзани со родот, како на пример

родовото насилството и сексуалното вознемирување во рамките на македонското општество.
Прашањата за панелистите се однесуваа на Резолуцијата 1325 на СБ на ООН и какво е нејзиното влијание во изминатите 18 години од нејзиното донесување. Исто така, се разговараше за регионалната соработка на овој план и за стратегијата за воведувањето на родово одговорно буџетирање, како и за конкретните мерки кои се преземаат за спречување на психичкото и сексуалното вознемирување на работното место.
„Потребни се повеќе жени во Армијата. За тоа да се случи треба да направиме сè да се чувствуваат добредојдени, а не како исклучок од правилото. Во тој дел како министерка за одбрана имам посебна одговорност. Во Министерството за одбрана работиме на ново упатство на пријавување на вознемирување. Сите армии се доминантно машки средини, строго хиерархиски поставени, средина во која дискриминацијата и сексуалното и друго вознемирување на работното место полесно се случува. Создаваме сериозен систем за пријавување на вознемирувањето и дискриминацијата, преку канали каде што тоа ќе може да се пријави без страв. Оној кој така се однесува ќе одговара. Имаме нула толеранција за ваквите појави кои ни ја осакатуваат Армијата, администрацијата и ни ги губат најквалитетните кадри“ – истакна министерката на трибината.
Потпретседателката на Собранието на РМ, Фросина Ташевска Ременски, во своето излагање изрази задоволство што на Воената академија се пријавуваат се поголем број жени и дека се надева дека во блиска иднина ќе ја имаме првата жена-генерал во редовите на Армијата на Република Македонија.

На почетокот на Трибината беше објавена видеопорака испратена од замениčката на генералниот секретар на НАТО, Роуз Готемелер. Во пораката беше нагласено дека жените се катализатор за мирно решавање на конфликти и дека тие играат водечка улога во спречувањето на конфликтите и во зајакнувањето на владеењето на правото и доброто управување и дека НАТО се стреми да биде глобален лидер за еднакви права и еднакво учество на жените. Честитајќи го 8 Март, таа ја нагласи посветеноста на министерката за одбрана Радмила Шекеринска и нејзиниот тим за нивната работа во оваа област

Министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, рече дека веќе се работи на подобрување и унапредување на законската регулатива во насока на надминување на проблемите со кои се соочуваат жените, но и мажите во Република Македонија, не само на своите работни места, туку и во секоја сфера каде се забележани појави на дискриминација.
Заменикот на претседателот на Владата на РМ задолжен за европски прашања, Бујар Османи, истакна дека прогресот на една земја е во поголемата инклузивност на жените. „Колку е поголема неинклузивноста на жените толку е поголем потенцијалот во една држава да се случи насилство“ рече Османи.
Амбасадорката на Република Хрватска, Даниела Баришиќ, ги сподели искуствата на Република Хрватска на овој план, нагласувајќи дека и во Хрватска сè уште е потребно да се работи на полето на родовата рамноправност во сферата на безбедноста и одбраната и дипломатијата, но и дека во периодот по приемот на земјата во НАТО и во ЕУ многу нешта се изменети и подобрени и во овие области во смисла на имплементација на потребните родови политики. Таа изјави дека е многу задоволна што овде во Македонија заедно со неа е првата хрватска жена-одбранбено аташе. Истовремено додаде дека е потребно повеќе да се работи на имплементација на Акцискиот план кој е донесен врз основа на Резолуцијата 1235 на ОН, унапредување на положбата на жените во одбраната и безбедноста.
Присутните гости на Трибината имаа можност да го погледнат видеото во кое неколку припадници на Армијата на Република Македонија зборуваа за својот професионален ангажман во Армијата на Република Македонија, за мотивите што ги натерале да ја изберат оваа професија и за предизвиците со кои се соочуваат на работното место, при што сите заклучија дека се горди и дека им е чест што имаат личен придонес во одбраната на својата татковина, но и дека во иднина сакаат да се зголеми бројот на жените во АРМ, особено на лидерски и командни должности.

д-р Жанет Ристоска





СЕЕСИМ проект на

СЕДМ претставува процес на соработка меѓу министерствата за одбрана на Југоисточна Европа (ЈИЕ). За првпат беше иницран во 1996 година во Тирана, како прв од серијата состаноци на министрите за одбрана, замениците-министри за одбрана и замениците-началници на генералштабови на земјите од Југоисточна Европа

Има повеќе од дваесет години каде СЕДМ ги поврзува заедно земјите од регионот во бројни активности, материјализирани во заеднички проекти и ангажмани на полето на контрола во вооружувањето, граничната безбедност, војната против тероризмот, демилитаризацијата, размена на воена технологија, заеднички вежби, операции за справување со природни катастрофи и мисии за одржување на мирот пошироко во регионот. Суштината на СЕДМ-процесот е јакнење на политичко-воената соработка во регионот, со цел подобрување на стабилноста и безбедноста во ЈИЕ. Во периодот 2017-2019 година со координативните тела на СЕДМ-иницијативата претседава Република Грција. Помеѓу SEDM-иницијативите, една од најзначајните претставува SEESIM-проектот.

Во октомври 2000 година министрите за одбрана на: Албанија, Бугарија, Грција, Италија, Македонија, Романија, Словенија, Турција, Хрватска и САД во рамките на SEDM процесот ја поддржаа иницијативата на САД за подобрување на националната и на регионалната интероперабилност, координација и соработка со развивање на симулациона мрежа за ЈИЕ (South Eastern Europe Simulation Network -SEESIM). Вежбата SEESIM како проект на SEDM-процесот и денес претставува една од најголемите коалициски вежби за цивилна одбрана во светот. SEESIM е дизајниран како механизам за интегрирање на неколку SEDM-иницијативи преку организирање на серија симулациски базирани вежби и обезбедување на цивилно-воена соработка на национално и на регионално/меѓународно ниво во справување со природни и од човек предизвикани катастрофи.



СЕДМ

Проектот СЕЕСИМ и патот на ЈИЕ до НАТО и до Евроатлантската заедница во досегашната изградба на доверба интегрира нови членови и поранешни противници; го прошири членството на НАТО и ПЗМ; ја олесни трансформацијата на регионот од етнички, религиозни и економски конфликти до заедничка соработка на можностите и капацитетите потребни за соочување со сегашните предизвици по безбедноста и мирот.

Земји-членки на СЕДМ се: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грузија, Грција, Италија, Црна Гора, Романија, Србија, Словенија, Македонија, Турција, Украина, САД, додека Молдавија има статус на земја-набљудувач

Задачи на СЕЕСИМ се развивање, стандардизација и извежбување на процесот за одговор при катастрофи на национално и на регионално ниво, вклучувајќи ја и бригадата SEEBRIG; промовирање на регионалната безбедност, стабилност, мир, транспарентност и градење доверба; олеснување на процесот за Евроатлантската интеграција на СЕДМ-нациите; механизми за интегрирање на повеќе проекти на СЕДМ-процесот; охрабрување на развојот на националните симулациски процеси и националните цивилно-воени капацитети за итни ситуации. Сите сценарија во рамки на Проектот упатуваат на опфатен пристап на реалните закани по безбедноста на Балканот и во регионот на Црното Море. Тие вклучуваат: управување со кризи при природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човек; контрапролиферација; гранично обезбедување; сајбер-напади; илегална миграција, дрога и трговија со луѓе и цивилно-воена, интер-министерска и интерагенциска координација.

Еден вежбовен циклус на СЕЕСИМ содржи планирачки процес; реализација на вежбата и евалуација/анализа на вежбата. Планирачкиот процес се состои од: планирачки конференции (четири); конференција за спецификација на вежбата; иницијална планирачка конференција; главна планирачка конференција; финална координативна конференција; работилници (наменети за тренинг-публиката кои се организирале досега); одбрана против тероризмот; сајбер-тероризам; операции за спасување при катастрофи; вежбање на конвенциите за движење на персонал и опрема преку границите за обезбедување на итна помош; обука; национални менаџери; аналитичари; технички тренинг.

Конференција за спецификација на вежбата „SEESIM 18“

Конференцијата за спецификациите на вежбата „SEESIM 18“ се одржа во Истанбул од 27 февруари до 1 март 2018 година и беше прва од серијата на функционални и планирачки настани кои ќе кулминираат со реализација на регионалната вежба „SEESIM 18“ од областа на управувањето со кризи и заштита и спасување. Претставници од Министерството за одбрана на Р. Македонија беа раководителот на Секторот за цивилно-воена соработка д-р Тони Петрески и м-р Здравко Јаковлевски. Цели на конференцијата беа: одредување временска рамка за одржување на сите планирачки настани и реализација на вежбата; одредување лого на вежбата; дефинирање на категоријата, нивото, формата, типот, регионот кој ќе се опфати, раководителите и нацијата-домаќин на Вежбата; утврдување на раководната и организациската структура на Вежбата; дефинирање на општото сценарио врз основа на утврдена процена на ризици и опасности; дискусија за логистичката-техничката поддршка и другите побарувања потребни за планирачкиот процес и реализација на Вежбата.



д-р Тони Петрески
м-р Здравко Јаковлевски

Стратегиски комуникации и јавна дипломатија



Уште една успешна приказна во РЦОЈ

Курсот за стратегиски комуникации и јавна дипломатија беше реализиран во два дела. Првиот дел на активноста се одржуваше во Скопје во Регионалниот центар за односи со јавност (PARC). Во овој дел од активноста беа опфатени сите теоретски предавања и дискусии за структурата, за мисијата, за важноста и за влијанието на стратегиските комуникации врз подигнување на свеста како и обликување на јавното мислење/поддршка на НАТО во земјите-партнери на Западен Балкан. Интерактивните теоретски предавања од страна на еминентните домашни и странски експерти од областа им обезбедија неопходни знаења за фундаменталните принципи според кои STRATCOM овозможува комуникација на сите нивоа. Учесниците беа запознаени со самата суштина на современите закани за хибридна војна, добивајќи сеопфатен преглед на стратегиските наративи и процесот на соодветна имплементација на STRATCOM во насока на негово подобро разбирање и искористување при справување со информациската „револуција“. Регионалниот центар за односи со јавност имаше чест за гостин-предавач да го има Mark Laity, шеф на STRATCOM во SHAPE, кој се смета за „татко” на стратегиските комуникации во НАТО. Покрај тоа, на учесниците им беше дадена компаративна анализа на националното искуство на Република Македонија во нејзините евроатлантски аспирации, преку предавање на националниот координатор за НАТО, г. Стево Пендаровски.

Вториот дел од активноста се состоеше од дводневно студиско патување, за сите учесници во седиштето на НАТО и на ЕУ во Брисел, каде што имаа можност детаљно да се запознаат со структурата, организацијата и начинот на функционирањето на стратегиските комуникации во овие институции, а воедно и да се запознаат со соодветните политики на НАТО и на ЕУ во однос на интегративните аспирации на земјите од Западен Балкан. За време на посетата на ЕУ во Брисел, учесниците беа информирани за стратегиските комуникации на ЕУ во Западен Балкан, за наративите за дезинформации на Русија, за најдобрите практики на социјалните мрежи на ЕУ, вклучувајќи го и новиот







Регионалниот центар за односи со јавност (РЦОЈ) при Министерството за одбрана, во периодот од 14 до 21 февруари организираше и беше домаќин на Курс за стратегиски комуникации и јавна дипломатија. Активноста беше финансирана од страна на Министерството за надворешни работи на Обединетото Кралство, а целосно поддржана и спроведена според НАТО-стандарди



пристап базиран на информативни кампањи. Во Штабот на НАТО учесниците на курсот остварија средба на високо ниво со Кармен Ромеро, заменик на помошникот-генерален секретар за јавна дипломатија, Јоана Лунгеску, портпарол на НАТО, Крис Рајли, раководител за стратегиски комуникации во Дивизијата за јавна дипломатија, Аксел де Мил за социјални медиуми, а имаа и брифинзи од страна на Роберт Пшчел, Џејмс Мекеј и Мајкл Соула за приоритетите на НАТО, партнерствата и операциите.

Покрај сеопфатниот преглед за најновите напори за стратегиски комуникации и јавна дипломатија на НАТО, вклучувајќи го пристапот базиран на кампањи, како и барањата за мерење на успехот, на учесниците им беше дадено доволно време за размена на мислења и дискусии за клучните прашања поврзани со непосредните предизвици при НАТО-интеграциските процеси во нивните земји. Амбасадорот Тачам Јилдем, помошник-генерален секретар на јавна дипломатија, им оддаде признание на учесниците на курсот преку организирање на работен ручек на којшто присуствуваа и неколку претставници од земјите-сојузници на НАТО, вклучувајќи ги Обединето Кралство, Германија, Холандија, Хрватска и Црна Гора, со коишто имаа корисна дискусија во врска со искуствата во овие земји поврзани со јавната дипломатија и STRATCOM.

Главната цел на оваа активност беше преку интерактивни предавања и брифинзи да се обезбеди платформа за регионална дискусија и размена на мислења по однос на следниве прашања: Колку е успешна стратегиската комуникација и јавната дипломатија во подигнување на јавната свест за НАТО? Кои се разликите помеѓу стратегиските комуникации и јавната дипломатија? Како можат практичарите на стратегиските комуникации и на јавната дипломатија да влијаат на јавното мислење? Дали треба да влијаеме на јавното мислење? Како социјалните медиуми го менуваат начинот на којшто комуницираат владите?

Врз основа на стекнатите знаења, разменетите мислења и искуства поврзани со стратегиските комуникации кои се спроведуваат во рамките на НАТО и на ЕУ, учесниците на оваа активност од Р. Македонија во следниот период ќе изработат и ќе достават до МО документ за стратегиски комуникации кој би бил соодветно применлив за потребите на воспоставувањето, развојот и функционирањето на стратегиските комуникации во Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ.

Регионалниот центар за односи со јавноста (РЦОЈ) при СКАОП успешно ја промовираше активноста (прва од ваков вид во Република Македонија) за стратегиски комуникации и јавна дипломатија, финансирана од Обединетото Кралство и поддржана од НАТО. Со оваа активност којашто беше прва од овој тип РЦОЈ направи чекор напред во развивањето на нови модули и курсеви. Токму затоа планот за развој на академските активности на РЦОЈ од овој тип предвидува постепено зголемување на бројот на меѓународни курсеви и работилници наменети за земјите од регионот. Курсот, исто така, доби значително медиумско покривање од страна на НАТО преку социјалните мрежи „Фејсбук“, „Твитер“ и веб-страницата на НАТО, страницата на NATO Engagaement на Одделот за јавна дипломатија при НАТО, каде што приказната стана број 1 вест на Google Alert.

Габријела Ѓорѓевиќ



Врховен командант на сојузничките сили во Европа (SACEUR)

Врховниот командант на сојузничките сили во Европа (SACEUR) е еден од двајцата стратешки команданти на НАТО. Воедно е шеф на Сојузничката команда за операции (Allied Command Operations - ACO), со одговорност за планирање и извршување на операциите на Алијансата. Тој е одговорен на највисокиот воен орган на НАТО, а тоа е Воениот комитет, односно одговора за спроведување на сите воени операции на НАТО. Неговата команда во НАТО се остварува од Врховниот штаб на сојузничките сили на Европа (SHAPE) во близина на Монс, Белгија.

Врховниот командант традиционално е американски командант, генерал со четири ѕвезди или адмирал, а воедно служи и како командант на американската европска команда. Тој е назначен од страна на американскиот претседател, потврден од Сенатот на САД, а одобрен од Северноатлантскиот совет (највисокото политичко тело на НАТО за донесување одлуки).

Нема определен мандат за врховниот командант, а се движи од една до осум години. Моментално врховен командант е генерал Curtis M. Scaparrotti, кој доаѓа од армијата на САД со стапување на функцијата на 4 мај 2016 година. Тој го наследи генералот Philip M. Breedlove од военото воздухопловство на САД.

За време на Втората светска војна, лидерите на сојузничките членови ги назначиле врховните команданти на сојузничките сили за управување со мултинационалните армии и мултидисциплинарните борбени сили за одреден театар на војната. Овие врховни сојузнички команданти добиле оперативна контрола над сите воздушни, копнени и поморски единици во тој театар. Тие биле избрани од најстарите лидери во британските вооружени сили и вооружените сили на САД, под раководство на комбиниран началник на Генералштабот.

На 2 април 1951 година, генералот со пет ѕвездички во армијата на САД, кој служел за време на Втората светска војна, Dwight D. Eisenhower,

Врховен командант на сојузничките сили е титула што ја носи највисокиот командант во одредени мултинационални воени сојузи. Потекнува од термин што го користеле западните сојузници за време на Втората светска војна, а во моментов се користи само во рамките на НАТО





станал првиот врховен командант на сојузничките сили во Европа. Заедно со врховниот командант на сојузничките сили на Атлантикот (Supreme Allied Commander Atlantic - SACLANT), биле воспоставени една година пред воведување во функција и должност генерален секретар (првиот генерален секретар бил избран на 4 април 1952 година). Врховниот командант ја презел одговорноста за заштита на областа која се протега од северниот дел на Норвешка до Јужна Европа, вклучувајќи го и целиот Медитеран и од атлантското крајбрежје до источната граница на Турција. Ајзенхауер како врховен командант на сојузничките сили за медитеранскиот театар, подоцна станал врховен командант на сојузничките експедициски сили во европскиот театар. Почнувајќи од декември 1943 година со создавање на команда за извршување на битката за Нормандија и завршувајќи во јули 1945 година, кратко време по крајот на Втората светска војна во Европа, во 1951 година Ајзенхауер повторно бил врховен командант на сојузничките сили.

По целокупниот процес на реформи во јуни 2003 година, командите биле реконструирани. Едната команда добила одговорност за операциите, а другата за трансформирање на воените компоненти на Алијансата со цел да одговори на новите предизвици. Врховниот командант на сојузничките сили на Атлантикот станал врховен командант на сојузничката команда за трансформација, а врховниот командант на сојузничките сили во Европа не го сменил името, но ги презел обврските да ги покрие сите операции на НАТО, без оглед на нивната географска локација.

Моментално врховен командант е генерал Curtis M. Scaparrotti, кој доаѓа од Армијата на САД со стапување на функцијата на 4 мај 2016 година. Тој го наследи генералот Philip M. Breedlove од военото воздухопловство на САД

Врховниот командант на сојузничките сили е одговорен за целокупната команда на воените операции на НАТО. Тој го спроведува потребното воено планирање на операциите, вклучувајќи ја и идентификацијата на силите потребни за мисијата и ги побарува овие сили од земјите на НАТО. За секоја операција постои овластување од Северноатлантскиот совет, а се одвива под непосредна координација со Воениот комитет. Истовремено, врховниот командант ги анализира оперативните потреби во соработка со сојузничката команда за трансформација (Allied Commander Transformation - ACT). За таа цел остварува официјални посети во земјите на НАТО и земјите каде што Алијансата врши операции, или со земјите со кои НАТО развива дијалог, соработка и партнерство. Потоа спроведува анализа на стратегиско ниво, со цел да се идентификуваат недостатоците на способностите со доделување приоритети.

И покрај сè, врховниот командант е одговорен за управување со ресурсите доделени од НАТО за операции и вежби. Во таа насока, тој врши развивање и спроведување на програми за обука и вежби во комбинирани и заеднички процедури за воениот штаб и силите на НАТО со земјите-партнери. Врховниот командант им дава препораки на политичките и на воените власти на НАТО за која било воена област што може да влијае на неговата способност да ги извршува своите задолженија. За секојдневното работење тој го известува Воениот комитет, составен од воени претставници како началници на одбраната на земјите-членки на НАТО. Исто така, има директен пристап до шефовите на одбраната и може да комуницира со соодветните национални органи, доколку е потребно, за да се олесни остварувањето на неговите задачи. Во случај на агресија против земја-членка на НАТО, тој како врховен командант е одговорен за извршување на сите воени активности во рамките на неговата способност и овластување за зачувување или обновување на безбедноста на територијата на Алијансата.

Драган Павловски

Копнени сили на

На Самитот во Велс беше изготвен Акцискиот план за готовност (ReadinessAction Plan - RAP), вклучувајќи ги и зајакнатите НАТО-сили за одговор (NATO Response Force-NRF). Ова вклучуваше создавање на Здружени наменски сили со висока подготвеност. RAP е составен од два главни елементи: мерки за обезбедување и мерки за приспособување. Мерките за обезбедување вклучуваат, на ротациона основа, „континуирано воздушно, копнено и морско присуство и значајна воена активност во источниот дел на Алијансата", додека мерките за приспособување се дизајнирани да ги зголемат способностите и капацитетите на Алијансата, за да може да одговори на безбедносните предизвици.Од усвојувањето на RAP, НАТО одржува континуирано присуство во источните земји-членки, преку вежби и обука на сојузничките сили. Мерките за приспособување вклучуваат нараснување на големината и способностите на NRF и формирање НАТО единици за интеграција на силите. Во моментов, шест од нив се во источните земји-членки на НАТО и имаат цел да го помогнат планирањето и распоредувањето на NRF и на дополнителни сили на НАТО. НАТО ги зголеми бројноста и готовноста на Multinational Corps Northeast во Шчечин, Полска, со цел одржување постојан надзор над североисточната граница. Исто така, НАТО ја формира Мултинационалната дивизија Југоисток (Multinational Division-Southeast), која има задача да одржува постојан надзор над југоисточниот регион на НАТО. Покрај тоа, НАТО предлага пополнување со воена опрема за обука на своите единици на територијата на источните членки на Алијансата;





НАТО

подобрување на своите способности за зајакнување на источните сојузници преку подобрување на инфраструктурата на Алијансата и подобрување на нејзините одбранбени планови преку воведување на постапни планови за одговор (Graduated Response Plans). Секоја од овие мерки за приспособување била дизајнирана да обезбеди НАТО да ги има вистинските сили, со вистинската опрема и на вистинското место, и со тоа земјите-членки да бидат подготвени за во многу краток рок да го одбранат секој сојузник од каква било закана.

Како резултат на приспособувањето на копнените сили на НАТО формирани се силни и брзи копнени сили. Воените планери го анализираат соодносот на сили (correlation of forces - COF) на стратешко и на тактичко ниво, за да се одреди релативната сила помеѓу потенцијалните противници. На стратешко ниво, оваа пресметка вреднува фактори како што се големината на вооружените сили на државата и нејзиниот состав, воениот буџет, населението, бруто-домашниот производ (БДП) и политичкиот легитимитет. Споредбата на овие стратешки фактори ја илустрираат стратешката сила на НАТО.

Стратешките предности на Алијансата во однос на Русија покажуваат: вооружени сили кои се повеќе од четири пати поголеми, население кое е повеќе од шест пати поголемо, одбранбени буџети кои се 18 пати поголеми и БДП што е 20 пати поголем. Покрај тоа, демографијата и економијата на Русија, трендови кои се во надолна насока, укажуваат на тоа дека овие стапки ќе останат и во иднина, без оглед на сегашната планирана модернизација на вооружените сили на Русија, која не се покажува одржлива. Единствена област на стратешки приоритет е нуклеарното оружје, кое претставува суштествена закана за земјите-членки на Алијансата. Подготвеноста за поддршка на овие способности како форма на доминантност е релевантна за дискусија за тоа како најдобро да се спречи конфликт. Хибридните операции со двосмислена агресија се најверојатна форма на конфликт, но исто така е важно да се одврати или да се направи напор за справување со заканата од конвенционален напад. За да се одреди начинот како да се спречи конвенционален конфликт, мора да се преиспита соодносот на сили на тактичките единици, што е ограничен со време, степен и обем. Додека противникот би можел да биде инфериорен на стратешко ниво, како што е тоа Русија, тој може да создаде и позитивен сооднос на силите на одредено место и во одредено време за ограничено времетраење. Доколку се размислува за напад со сооднос помал од 3:1, совесен воен планер нема да може да гарантира успех. Оттука произлегува и желбата на НАТО капацитетите за распоредување робусни одбранбени сили на територијте на источните сојузници, кои би постигнале сооднос од 1:3 наспроти потенцијална руска агресија.

> Крајот на Студената војна и спроведувањето на 10-годишната кампања во Авганистан, доведе до оптимизација на армиите на Алијансата за операции за гонење на бунтовнички сили, а не за меѓудржавен конфликт со висок интензитет против еднаков противник. Како резултат на тоа, и покрај целокупната НАТО стратегиска предност во големината на вооружените сили и одбранбените буџети, постојат и одредени празнини и недостатоци во одредени конвенционални способности на Алијансата. Тие треба да се разгледуваат во контекст на најновото одбранбено планирање на Алијансата и на постапните планови за одговор

По североисточната граница на НАТО со Русија, под постојните услови, Русите поседуваат одредени предности кои им овозможуваат да создадат поволен сооднос на сила за нападни дејства. Доколку тие беа за успешна привремена тактичка придобивка за да обезбедат предност, а потоа да се закануваат со нуклеарна ескалација на кризата, со намера да го проверат реагирањето на Алијансата, тие би можеле да го зголемат влогот и во друга стратегиска област - нуклеарното оружје – а со самото тоа и ограничена тактичка предност при траен стратешки исход: разбивање на кохезијата на Алијансата.

Воен фокус и можности на НАТО

И покрај севкупната стратегиска инфериорност кон НАТО, Русија има способност да создава локална предност во смисла на тактички сооднос на силите и да ги искористи своите нуклеарни способности. Имајќи го тоа предвид,се прашуваме како воените сили на Алијансата би требало да дадат придонес за одвраќање на заканите. Со застрашувањето е постигнат политички исход во размислувањата на





НАТО предлага пополнување со воена опрема за обука на своите единици на територијата на источните членки на Алијансата; подобрување на своите способности за зајакнување на источните сојузници преку подобрување на инфраструктурата на Алијансата и подобрување на нејзините одбранбени планови преку воведување на постапни планови за одговор (Graduated Response Plans). Секоја од овие мерки за приспособување била дизајнирана да обезбеди НАТО да ги има вистинските сили, со вистинската опрема и на вистинското место, и со тоа земјите-членки да бидат подготвени за во многу краток рок да го одбранат секој сојузник од каква било закана

потенцијалниот противник, убедувајќи го дека трошоците за акција ги надминуваат придобивките. Мерките за осигурување кои се применуваат, придонесуваат кон одвраќање преку присуството на мали сили на Алијансата кои спроведуваат обука и вежби со нашите источни сојузници. Недостатоци на ваквиот пристап е што овие сили не се доволни за одбрана против евентуална руска офанзива. Алтернатива за одвраќање на евентуална закана е одвраќање преку однапред поставена одбрана. Позиционирање на јаки сили за постигнивање поволен сооднос на тактички единици за одбрана (1:3 сооднос), ќе предизвика сериозни сомневања во главите на руското раководство, дека тие би можеле да ги постигнат своите цели. Ова води кон хибридна ситуација во која се поддржува одвраќање на заканите, а истовремено и подобрување на способностите на НАТО за брзо зајакнување и воспоставување ефикасна одбрана, со менување на условите. Во оваа ситуација, одвраќањето на заканите може да се постигне со демонстрирање на способностите на Алијансата за брзо прераспоредување на јаки сили со цел одбрана на секоја загрозена држава на Алијансата. Накратко, Алијансата ја спречува заканата со комбинација од сила и брзина. Алијансата поседува сили и способности за одвраќање на заканите на хибриден начин, но тие мора да се користат на различни начини, различни од оние од крајот на Студената војна. НАТО мора да почне со разбирање на колективната одбрана во рамките на Алијансата. Разузнавачката служба на Алијансата мора да обезбеди соодветни индикатори и предупредувања за можна агресија која би резултирала со потенцијален „вооружен напад“ според член 5 од Вашингтонскиот договор. Обезбедувањето индикатори и предупредувања не се само тајна разузнавачка функција. Тие, исто така, вклучуваат користење на дипломатски процени од јавни извори. Празнините во временските рокови за брза реакција на НАТО мора да се решат. NRF можат да одговорат со едногласна резолуција на Северноатлантскиот совет, главно политичко тело на Алијансата за донесување одлуки, со започнување на распоредување на сопствени сили - Здружените сили за задача со многу висока борбена готовност, составени од 8.000 војници, во рок од пет до седум дена. Остатокот од NRF би започнале со распоредување следните 30-45 дена. Главните команди на војските на НАТО би следеле отпосле. Покрај тоа, повеќето држави од Алијансата одржуваат висока борбена готовност на сопствените сили. Овие сили остануваат како национални резерви и не се нудат на НАТО на постојана употреба, но може да се понудат во случај на потенцијално сценарио од член 5 од Договорот. Но, тие би можеле да се распоредат врз основа на определбата од страна на земјата-членка и обврската согласно членот 5. Во секој случај, овие HRF може да бидат распоредени за неколку денови или недели. Брзото распоредување на овие сили во области со закани би го постигнал соодносот на сили потребни за одбрана (сооднос 1:3) за неколку денови или недели, и на тој начин би се парирало на каква било руска тактичка предност. Брзината со која овие сили можат да се распоредат, овозможува Алијансата да им се спротивстави на руските внатрешни линии и на нејзиниот рационален политички систем на одлучување. Тоа се, исто така, единици кои се „оспособени за насилен влез“ во случај одредени аеродроми или пристаништа да не се достапни. Ваквата способност за присилно влегување овозможува Алијансата да одговори на повеќекратни



закани истовремено, како што Русија се обидува да постигне хоризонтална ескалација во повеќе области. Оклопните формации имаат поголема дефанзивна способност против оклопните руски сили. Нивното подолготрајно распоредување (30-90 дена), го намалува сопствениот превентивен ефект во почетокот на кризата. Сепак, со планирање тенковски и други оклопни сили, Алијансата може да се спротивстави на руските внатрешни линии, да распореди оклопни сили за одвраќање за пократко време на територииите на земјите-сојузнички во Европа кои се под закана, и да купат време за дипломатско решавање на кризата. Одлуката за предвидениот сет на оклопни средства во Вооружените сили на САД во Европа значително ги засилува можностите на копнените сили на Алијансата за одвраќање од напад, со што се овозможува побрзо зајакнување на лесните маневарски копнени сили (кои пристигнуваат на боиштето претходно),со оклопни борбени средства.

За да се задржи слободата на дејствување на територијата на Алијансата и опкружувачкиот воздушен и поморски простор, Алијансата мора да развива ефикасно спротивставување на развиените руски способности за антипристап. Овие сојузнички способности постојат, но сè уште не се поставени наспроти руските зони на антипристап. Руското проширување кое продолжува и продлабочувањето на овие системи, бараат Алијансата да развива планови за одбрана, доколку тоа стане неопходно.

Крајот на Студената војна и спроведувањето на 10-годишната кампања во Авганистан, разбирливо доведе до оптимизација на армиите на Алијансата за операции за гонење на бунтовнички сили, а не за меѓудржавен конфликт со висок интензитет против еднаков противник. Како резултат на тоа, и покрај целокупната НАТО стратегиска предност во големината на вооружените сили и одбранбените буџети, постојат и одредени празнини и недостатоци во одредени конвенционални способности на Алијансата. Тие треба да се разгледуваат во контекст на најновото одбранбено планирање на Алијансата и на постапните планови за одговор.

За да се овозможи брзо засилување и одвраќање на напад, овие способности, меѓу другото, вклучуваат и: стратешки транспорт, противоклопни системи, оклопни единици, противоздушна одбрана, артилерија со голем дострел, капацитети за разузнавање, надзор и извидување и капацитети за електронско војување. Охрабрувањето од страна на генералниот секретарна НАТО за достигнување на ниво од 2 проценти од БДП наменети за одбраната, доколку биде исполнето,ќе следи долг пат кон



Како резултат на приспособувањето на копнените сили на НАТО формирани се силни и брзи копнени сили. Воените планери го анализираат сообносот на сили (correlation of forces - COF) на стратешко и на тактичко ниво, за да се одреди релативната сила помеѓу потенцијалните противници

пополнувањето на овие празнини и недостатоци.

Подготвеноста за колективна одбрана со висок интензитет против еднаков противник, бара тековно преиспитување на постоечката доктрина и обука. Пример за тоа е хибридната војна која е предмет на интензивни студии за тоа како воените сили најдобро ги поддржуваат одговорите на владите на Алијансата спрема хибридни закани. Покрај другото,тоа опфаќа и предизвици во граничната контрола, спроведувањето на законот, разузнавањето и стратегиската комуникација. Овие претпоставки се веќе интегрирани во НАТО-вежбите на сите нивоа. За брзо распоредување на лесните маневарски единици, за успешно одвраќање на хибридни закани, клучни се создавањето безбедноснии зони за извидување, во поддршка на националните одбранабени сили. Ако овие лесни маневарски единици мора да одвратат напад на оклопни единици, тие мора да се претворат во лесна противоклопна одбрана, со локална супериорност во воздушниот простор, за што неопходно е неутрализирање на каква било закана од антипристапот и доволна огнена моќ и капацитети за противоклопна борба во самите лесни маневарски единици. И, за да се биде сигурен дека тие ќе можат да се интегрираат со веќе распоредените оклопни единици, распоредени во предната одбрана на територијата на Алијансата, мора да бидат оспособени за комбинирани одбранбени операции.

М.С.

Текстот е адаптиран од написот на генерал Џон Николсон, командант на силите на САД во Авганистан на тема „NATO's Land Forces“





Анатомија на оперативен дизајн

Дизајнот е методологија за примена на критичко и креативно размислување за разбирање, визуелизација и опишување на сложени, динамични и лошо структурирани проблеми и развивање на пристапи за нивно решавање. Ако краткорочната цел на дизајнот е решавање на проблемите, нејзината долгорочна цел е да овозможи создавање на приспособлива организација која е способна да учи

Се чини дека со најновите промени на оперативното опкружување и глобалните безбедносни случувања, методологијата на оперативен дизајн станува сè поатрактивна во современото воено планирање на оперативно ниво. Иако првично замислена како конвенционална алатка, фактот што со неа се овозможува решавање на крајно сложени проблеми, ѝ дава потенцијал за иднината, во која веќе е јасно дека ќе доминира хаос и конфузија. Не постои комплексен проблем кој може да се реши само со примена на една алатка. Секогаш има низа на субјективни фактори кои мора да се решаваат поединечно. Додека воените планери традиционално се обучени да размислуваат линеарно, дизајнот го вежба планерот на оперативно ниво да размислува нелинеарно.

Дизајнот е методологија за примена на критичко и креативно размислување за разбирање, визуелизација и опишување на сложени, динамични и лошо структурирани проблеми и развивање на пристапи за нивно решавање. Ако краткорочната цел на дизајнот е решавање на проблемите, нејзината долгорочна цел е да овозможи создавање на приспособлива организација која е способна да учи. За да се оправда корисноста на оваа методологија, нејзината логика може секогаш да се провери преку анализа на искуствата од минатото.

Повеќето форми на оперативен дизајн се занимаваат истовремено и со прецизни и со нејасни идеи. Дизајнот бара од практичарите истовремено да се спремни и на системско, и на хаотично размислување т.е. мораат



истовремено да прават механички пресметки, а да не забораваат на креативност и имагинација. Дизајнерите не смеат да се ограничуваат со конкретни, пропишани процедури, бидејќи оперативното опкружување се менува толку брзо што тие секогаш заостануваат и застаруваат. Дизајнерот учи да создава продукт преку работа. Доколку се фокусира премногу на крајниот продукт, може да го потцени самиот процес за доаѓање до него. Дизајнот опфаќа примена на различни процеси и доколку дизајнерот се ограничи на едноличен шаблон, тоа полека ќе ја убие неговата креативност. Во оперативниот дизајн планирањето е поважно од планот.

Дизајнерот комуницира преку слика и наратив, но обично проблемите кои се решаваат се толку комплексни што е невозможно да се претстават со едноставен дијаграм, шема или цртеж. Бидејќи се работи за повеќедимензионален процес, планерите кои користат дизајн мора да работат во тимови во кој секој ќе придонесе со својата специјалност. Крајниот продукт е збир на решенија. Комплексните прашања имаат комплексни одговори и често се греши кога се тежнее да се одговори со едноставно решение. Дизајнерите произведуваат неочекувани решенија за лошо дефинирани проблеми, предвидуваат сценарија, применуваат имагинација онаму каде што недостигаат информации, користат инфографикони и цртежи за да објаснат што се случува. Дизајнерите се обидуваат да ги сфатат проблемот и решението како два аспекти кои не треба да се двојат. Тие се често зависни бидејќи одредено решение на еден проблем може да предизвика друг проблем.

> Да се препознае природата на проблемот и да се реагира со соодветен дизајн е една од најважните вештини со која треба да располага оперативниот планер. Неуспехот да се препознае збирот на ограничувања може да доведе до лош план. Дизајнерот треба да ги препознае сите потенцијални ограничувања на задачата и да објасни како тие создаваат нови проблеми кои би можеле да влијаат на исходот на планирачкиот процес

Кога воениот планер го поставува проблемот, тој ги избира и ги именува работите што ќе ги забележи. Идентификуваните факти се категоризираат и се подредуваат по важност со цел проблематичните ситуации да се претворат во добро структурирани проблеми. При неизвесна ситуација, формулирањето на проблемската рамка зависи од претходно изграден, правилно структуриран проблем. Затоа, за добрите воени планери не се вели дека имаат поголемо професионално знаење од другите, туку повеќе мудрост, талент и интуиција. Проблемите најдобро се решаваат преку откривање на нивните причини - генератори, нивното опкружување и функција. Бидејќи во дизајнот процесот е поважен од продуктот, од дизајнерите се очекува не само да го решат проблемот, туку преку длабока анализа на причините да објаснат како дошло до проблем. Ваквата креативноста го доведува планирањето со оперативен дизајн до ниво на уметност.

Секоја причина-генератор на проблемот претставува ограничување за решението, но не со ист интензитет. Исто така, постојат ограничувања кои ги поставува претпоставениот (надворешни), но и ограничувања кои планерот сам си ги поставува (внатрешни). Радикални ограничувања се оние кои се однесуваат на крајната цел на планот кој треба да се реши. Тие се радикални бидејќи во старт ја задаваат рамката во која оперативниот планер мора да се држи. Практични ограничувања се оние аспекти на целиот процес при дизајнот кои се однесуваат на реалните проблеми околу произведување на планот. Формалните ограничувања се однесуваат на визуелната организација за тоа како ќе изгледа крајниот продукт.





Симболични ограничувања се оние кои вклучуваат социјални, културни, историски или религиски фактори на севкупното решение. Овие најмногу зависат од оперативното опкружување во кое се дејствува.
Да се препознае природата на проблемот и да се реагира со соодветен дизајн е една од најважните вештини со која треба да располага оперативниот планер. Неуспехот да се препознае збирот на ограничувања може да доведе до лош план. Дизајнерот треба да ги препознае сите потенцијални ограничувања на задачата и да објасни: Како тие создаваат нови проблеми кои би можеле да влијаат на исходот на планирачкиот процес? Може да се одговори на несигурноста на иднината на повеќе начини со одложување, откажување или отстапување. Одложувањето се заснова на идејата дека иднината може да стане посигурна ако почекаме извесно време. Ако не е можно да се увериме во нашата одлука сега, можеби ќе биде полесно да се донесе одлука малку подоцна. Откажувањето е одговор на неизвесноста со тоа што не се согласуваме со конкретни решенија, но продолжуваме со решавање на проблемот. Отстапувањето се однесува на сегашниот дизајн кој штом се направи, веќе почнува да старее и доколку стане несоодветен со текот на времето, може да биде заменет со следното подобро решение.
Колку еден систем има повеќе варијабли толку тој е покомплексен. Оперативниот дизајн нуди решавање

Оперативниот дизајн нуди решавање на проблеми со различни пристапи, но целата суштина е разрешување на што е можно повеќе варијабли со цел да се намали комплексноста на проблемот. Тоа што е фрустрирачко, е реалноста дека причините за еден проблем во системот откако ќе се прекинат, може повторно да најдат начин како да се појават. Комплексните системи се отворени и се менува само динамиката, но речиси е невозможно да се стават под целосна контрола

на проблеми со различни пристапи, но целата суштина е разрешување на што е можно повеќе варијабли со цел да се намали комплексноста на проблемот. Тоа што е фрустрирачко, е реалноста дека причините за еден проблем во системот откако ќе се прекинат, може повторно да најдат начин како да се појават. Комплексните системи се отворени и се менува само динамиката, но речиси е невозможно да се стават под целосна контрола.
На пример, ликвидацијата на Осама бин Ладен предизвика да се намали влијанието на „Ал Каеда“, но проблемот со тероризмот не се реши туку само премина во друга форма, се појави нова терористичка организација (ДАЕШ) со уште поагресивен оперативен пристап - контрола на територии. Тоа се објаснува со помош на теоријата на хаос на која е подложен кој било комплексен систем: решавањето на еден проблем може да генерира појава на друг или повеќе други проблеми, и тоа понекогаш многу поголеми.
Затоа дизајнот е уникатна алатка, се занимава со длабока анализа на причинско -последичната врска меѓу проблемот и решението, во обид да се предвидат идни сценарија и што понатаму. Иако велиме дека „неправењето ништо не смее да биде опција“, постојат бројни примери кога токму правењето нешто предизвикало низа проблеми. Затоа во реалноста гледаме премногу комплексни проблеми кои едноставно се оставени во состојба на „статус кво“ (на пример, бројни т.н. „замрзнати конфликти“). Нивното решавање може да биде полошо отколку постоечката статус кво-ситуација. Најцитирана погрешна изјава е онаа на Франсис Фукујама кога со завршување на Студената војна прогласил „крај на војната“.
Со завршување на Студената војна, НАТО се соочи со нови закани, дури многу покомплексни од претходните. Еден комплексен систем може само привремено да се држи стабилен, но тоа ќе трае кратко време. Кога еден проблем кој има една крајна цел ќе се реши, може да мутира и да се појави нов проблем со нова крајна цел.



Никогаш нема сите да се сложат во потполност со продуктот на дизајнерот, бидејќи секогаш ќе има нецелосно одговорени прашања во планот. Целиот проблем и самиот процес се хаотични, затоа и продуктот не може да остане статичен и постои ризик да се генерираат нови проблеми. Секогаш кога ќе се појави нова ситуација, повторно се реформулира проблемот, се јавуваат нови ограничувања кои зависат од капацитетите со кои располагаме. Војската секогаш има помалку капацитети отколку што посакува. Доколку можностите се помали од очекуваното, треба да се преиспита оперативниот пристап и да се работи со она со што се располага. Во текот на процесот на реформулирање на проблемот, се откриваат новите услови во оперативната средина, и повторно следува приоритетност на задачите за да се исполни целта. Победата или поразот зависат од тоа како оперативниот планер однапред ќе дефинира што се смета за победа, а што за пораз. Војникот и политичарот може различно да ги перцепираат овие два поими. Војните отсекогаш се воделе поради три причини: страв, чест и интерес, и поради три цели: кој ќе добие, што, кога и како. Плановите за војна мора да се прават да бидат соодветни на реалното опкружување, земајќи предвид дека технологијата нема да ја измени природата на војната.

Дизајнот бара ефикасно и одлучно лидерство што ќе ги насочи и ќе ги мотивира потчинетите да соработуваат, бидејќи тоа е основен услов за квалитетен, сеопфатен продукт. Лидерството мора да создаде клима во која ќе има заедничко разбирање и визуелизација меѓу различни команди на сите нивоа. Тоа е суштинско за искористување на когнитивниот потенцијал на организацијата за учење и пренесување на знаењето, а со тоа и зголемување на борбената готовност. Затоа, централни принципи на оперативниот дизајн се кративност, приспособливост и континуирано учење. Креативност подразбира изнаоѓање на нов пристап кон позната ситуација, додека приспособливост значи примена на познато решение за да се модифицира одредена ситуација т.е. реакција на промените во опкружувањето. Дизајнот му овозможува на командантот да воведе креативни и приспособливи идеи и насоки за планирање, за подготовка, за извршување и за оценување на активностите. Ова значи дека дизајнот бара флексибилни лидери кои постојано ќе поттикнуваат интерактивна и когнитивна методологија.

Дизајнот бара ефикасно и одлучно лидерство што ќе ги насочи и ќе ги мотивира потчинетите да соработуваат, бидејќи тоа е основен услов за квалитетен, сеопфатен продукт. Лидерството мора да создаде клима во која ќе има заедничко разбирање и визуелизација меѓу различни команди на сите нивоа. Тоа е суштинско за искористување на когнитивниот потенцијал на организацијата за учење и пренесување на знаењето, а со тоа и зголемување на борбената готовност

Процесот на дизајнерството е да се најдат проблемите со цел да се решат, но постои и логичка замка: често се измислуваат проблеми, или се идентификуваат погрешни, со цел самиот процес да се одржи во живот. Се разбира, тоа е погрешно бидејќи во процесот на донесување на одлука проблемот не е само „како да се реши курсот на акција“, туку поважно, „кој е курсот на акција“. Оваа логична замка произлегува од фактот што во реалност, крајната цел може да не е прецизна, туку општа и отворена за интерпретација. Дизајнот зборува за дефинирање на крајната цел, додека во реалноста тоа е бесконечен процес на збир на проблеми. Дизајнерот често мора да манипулира за постигнување на крајната цел. Таа секогаш се менува бидејќи работата на системот не прекинува, така што дизајнот е методологија која предвидува нови проблеми и дефинира нови крајни цели.

Ѓорѓи Вељовски

Иновациите – движечка сила на едно општество



Овој настан беше повод да го поканиме господинот Мирко Узелац да нè посети во нашата редакција и да поразговараме за формирањето на Националната асоцијација на пронаоѓачи на Македонија и активностите кои ги реализира оваа асоцијација. Во разговорот кој го водевме со господин Узелац, тој нагласи дека иновациите се движечка сила на едно општество и дека да се поддржува културата на иновативност не е бенефит само за асоцијациите на иноватори, туку и за индустријата и за целата заедница. Тој за себе рече дека првиот патент, кој бил воен, го патентирал во далечната 1979 година додека бил на отслужување на воениот рок. Тој патент останал во употреба како направа за определување на оддалеченост на жива сила. Здружението на пронаоѓачи „Пронаоѓач Михајло Пупин“ е формирано на 22.02.2015 година, и тоа заедно со Здружението на пронаоѓачи „Новитет“, на 23.09.2016 г. ја формираа Националната


Националната асоцијација на пронаоѓачи на Македонија му додели Златна плакета на Министерството за одбрана за успешна соработка и поддршка. Плакети им беа врачени на министерката за одбрана Радмила Шекеринска, на раководителот на Секторот за услуги, туризам, возен парк, одржување и обезбедување Ристе Спасовски и на г-ѓа Мануела Точевска од истиот Сектор. Плакетите беа врачени од страна на Мирко Узелац, иноватор и претседател на Националната асоцијација на пронаоѓачи на Република Македонија и Владимир Филевски, потпретседател и генерален секретар на Асоцијацијата

асоцијација на пронаоѓачите на Македонија (NAIM – National Association of Inventors of Macedonia). Во 2017 година Националната асоцијација на пронаоѓачите на Македонија е примена како полноправна членка во Светската федерација на асоцијации на пронаоѓачи (IFIA - International Federation of Inventors' Associations) - како единствен легитимен претставник од Република Македонија. Членките на Светската федерација на асоцијации на пронаоѓачи имаат обврска да организираат барем еден меѓународен саем на иновации годишно, па така Националната асоцијација на пронаоѓачите на Македонија го одржа Првиот меѓународен саем на пронајдоци, иновации и нови технологии во Р. Македонија, од 21 до 23 ноември 2017 година во Домот на АРМ. На овој саем меѓународното жири, со претставникот од IFIA како претседател, додели 7 златни,



„Јосип Броз-Тито“). На саемот на иновации „Проналазаштво - Београд 2016“ одржан од 26 до 30 септември 2016 година, македонските иноватори од NAIM освоија еден златен, три сребрени и еден бронзен медал. Од 28 до 30 септември 2017 во Севастопол, Крим, се одржа меѓународниот Саем на иновации и технологии, каде членовите на NAIM освоија 5 златни медали. Националната асоцијација на пронаоѓачи на Република Македонија има цел да придонесува во областа на иноваторството со својот специфичен начин на делување. Континуираната меѓусебна комуникација помеѓу

академија „Генерал Михаило Апостолски“, по одржаниот состанок со деканот на ВА, на кој е договорено на Воената академија да се реализира активност во врска со проектот „ОД ИДЕЈА ДО ПАТЕНТ“. Проектот „ОД ИДЕЈА ДО ПАТЕНТ“ е успешен проект, не само на домашно ниво, туку и во странство. Господинот Мирко Узелац изрази надеж дека питомците од ВА коишто ќе учествуваат во овој проект ќе остварат резултати за барем еден пријавен патент до Државниот завод за индустриска сопственост. Да напоменеме дека Државниот завод за индустриска сопственост исто така, му



5 сребрени и 4 бронзени медали на членовите на NAIM. Овој прв меѓународен саем беше круна на работата и успесите кои претходно ги направија здруженијата „Пронаоѓач Михајло Пупин“ и „Новитет“.
Претходно, здружението „Пронаоѓач Михајло Пупин“ на 8 октомври 2015 во Домот на АРМ во Скопје одржа свечена промоција на успешно завршениот пилот-проект под наслов „ОД ИДЕЈА ДО ПАТЕНТ“ во кој учествуваше група на ученици на Гимназијата „Јосип Броз-Тито“ од Скопје. Пилот-проектот е реализиран во неколку фази во временски период од шест месеци и резултираше во пронајдок кој го осмислија тројца ученици. Пронајдокот е пријавен како патент во Државниот завод за индустриска сопственост на Р. Македонија.
На меѓународниот Саем на иновации во Тринец, Р. Чешка, одржан на 16 и 17 јуни 2016 година, иноваторите од здружението „Пронаоѓач Михајло Пупин“ освоија два златни и два сребрени медали (од кои еден медал за младите пронаоѓачи од Гимназијата

членовите на здружението овозможува меѓусебна размена на информации за новитетите кои би можеле да им бидат од значење на останатите членови, на одредени институции, како и на општеството во целост. Затоа членовите на Асоцијацијата интензивно се трудат да остваруваат соработка со повеќе институции, со цел реализација на индивидуалните проекти.
Тие, исто така ја популаризираат пронаоѓачката и иноваторска дејност преку предавања, трибини, изложби на пронајдоци и иновации и други форми. Во оваа насока ќе ја издвоиме како мошне плодотворна соработката со Министерството за одбрана, која му овозможи на NAIM да го одржи првиот интернационален саем на пронајдоци и иновации ИНОВАМАК 2017 во Домот на Армијата во Скопје, во што многу помогнаа и заложбите на потполковникот Живко Димитриевски, кој е член на Организациониот одбор во NAIM.
За понатамошно збогатување на активностите и работата, Асоцијацијата воспостави соработка со Воената

помогна на NAIM во организација на саемот „ИНОВАМАК 2017“.
Во разговорот г. Мирко Узелац нагласи дека ќе се продолжи со соработка со Министерството за одбрана и дека NAIM е благодарна за разбирањето на министерката Радмила Шекеринска и на Министерството за одбрана за овој важен сегмент од општеството. Тој нè информираше дека е разговарано и за можноста следниот саем „ИНОВАМАК 2018“ повторно да се одржи во репрезентативното здание на Домот на Армијата, по што ќе ја известат IFIA за да бидат ставени на светскиот календар на саеми на пронајдоци и иновации.
Националната асоцијација на пронаоѓачите на Македонија, NAIM, е во постојан контакт со странските асоцијации на пронаоѓачи, кои најавуваат дека има можност на саемот „ИНОВАМАК 2018“ да настапат и со патенти од областа на одбраната (вооружување и опрема), покрај вообичаените цивилни иновации.

Кристина Илиевска



Од дневникот на мировникот
Македонска фурна во Кабул

Како припадници на 6. контингент во мисијата „Одлучна поддршка“ бевме придодадени на турската команда. Во склоп на командата за обука, советување и асистирање, ние имавме свои позиции, каде си ги извршувавме функционалните задачи. Се работи за мултинационална команда каде во состав влегуваат повеќе држави, меѓу кои и земјата-домаќин. Ова ми беше прилика одблиску да запознам припадници од локалното население, при што забележав дека Авганистанците се исклучително пријателски народ, но и дека многу страдаат, поради тоа што се случува во нивната земја. Како ракотворец-уметник се потрудив на најдобар начин да ги искористам моите вештини, со цел да дадам придонес за претставувањето на нашата земја. Понесов од дома дел од моите креации, кои беа наменети за подароци на наши блиски соработници и пријатели. Воедно, таму си создадов услови во слободното време да развивам една вештина на трансфер на фотографија на дрвена подлога и на тој начин да изработам креации од нашите македонски херои (Гоце Делчев, Тоше Проески), наши туристички места и убавини и да ја украсам македонската куќа. На тој начин, нашите посетители

Во текот на извршувањето на мисијата, покрај извршувањето на задачите, клучно место заземаше и претставувањето на македонската култура и традиција. За таа цел преку бројни настани и манифестации се трудевме да ја презентираме нашата култура во најубаво светло. Сите наши државни и верски празници така ги организиравме за да сите поканети гости од базата се запознаат со нашите природни убавини, туристички места, со нашата култура и традиција. Посебно ги искористивме Денот на АРМ, 18 Август, и Денот на независноста, 8 Септември, каде приредивме такви манифестации, проткаени со видеопрезентации од нашата татковина со македонски традиционални специјалитети. Присутните гости не го криеја воодушевувањето од тоа што го видоа и го вкусија

се распрашува кои се личностите на сликите и каде се тие убавини. Како знак на внимание и благодарност на прекрасниот однос на припадниците на турската армија, изработив мошне голем број на подароци со мотиви од „таткото“ на модерна Турција, Кемал Ататурк, и нивната воена школа „Кулели“, фасцинантен објект. Но, сепак, нашите пријатели Турци особено беа фасцинирани од моите креации од воената школа во Битола, каде што Кемал Ататурк завршил средно воено образование. Сите турски генерали во базата ги изненадивме со вакви креации, а не се штедев да изработам и неколку мотиви од истиот објект во Битола (денешен музеј) како подароци за командата, каде моите креации се закачени на ѕид во објектот. Во истиот тој циклус на подароци изработив и часовник за Командата со знамињата од сите земји-учеснички во мисијата. Слична креација изработив и за подарок на Македонската куќа со неколку мотиви од нашите природни убавини, а на

влезот од македонската куќа направив табла со наслов „МАКЕДОНСКА КУЌА“. Сепак, врвот на мојата креативност во Кабул, а воедно и престиж во такви услови е македонската фурна. Сакав да изработам репрезентативен објект, кој ќе биде вистински носител на македонската култура и традиција. Тоа е мошне сложен проект, особено во тие услови, каде беше тешко да се набават материјали за изработка на фурната. Успеав со помош на нашите Македонци вработени во базата. Во сите мои проекти огромна поддршка имав од нашиот најстар национален претставник, полковникот Жикица Јовановски. Неретко заедно ги развивавме идеите, за кои јас после тоа не ја штедев мојата енергија да ги реализирам. Вистинска презентација на фурната имавме на верскиот празник Свети Никола, кога поканивме добар дел наши пријатели, Турци и Американци. Во еден прекрасен амбиент им презентиравме тавче-гравче и лепчиња печени во фурната. Никој не можеше да го сокрие задоволството од прекрасниот вкус на македонските традиционални специјалитети, каде нашите гости искоментираа дека никогаш не пробале нешто толку вкусно и дека ќе ни бидат чести гости. Посебно беа фасцинирани во процесот на подготовката на фурната од огорувањето и чистењето до вадењето на готовиот производ. Во разговор со припадниците на странските армии дојдов до сознание дека тие имаат многу познавања за нашата земја. Нас како војници не доживуваат како добри соработници, професионалци кои добро си го познаваат војничкиот занает. Не го криеја задоволството дека соработуваат со припадници на македонската армија Посебно припадниците на турската армија беа така пријателски настроени кон нас и секогаш се љубопитни за нашата традиција и култура. При разговор со



нив дојдов до сознание дека имаме многу слична култура и традиција. Тие со огромна почит зборуваат за нивниот најголем херој-„таткото“ на модерна Турција, Кемал Ататурк. Тие сите знаеја дека Кемал Ататурк завршил воено училиште во Битола, така што речиси и да не постои некој што не го познава тој дел од историјата. Токму тоа ме мотивираше, како што веќе претходно споменав, да изработам многу креации со мотиви од Кемал Ататурк и од военото училиште во Битола за подароци на нашите пријатели. Исто така, покажуваа интерес за нашите природни убавини и туристички места и веќе имам голем број на мои пријатели-потенцијални посетители на мојата земја за наредната година. Во продолжение можам да напоменам за мене, како ракотворец-уметник дека, во повеќе од еднодецениската активност, имам постигнато значителни успеси на полето на културата. Имам учествувано на повеќе групни изложби, меѓу кои и на неколку хуманитарни. Пред 5 години ми се укажа шанса, под покровителство на Армијата, да реализирам исклучително сложена самостојна изложба во домот на АРМ, по повод Денот на пСО. Тоа беше навистина голем предизвик за мене, каде голем број посетители, меѓу кои и врвни уметници, ми оддадоа признание за мојата уметност. Се разбира, тука се и огромен број на медиумски проекти со поголемите ТВ-куќи и со многу пишани медиуми каде што речиси секогаш сум прашуван да направам паралела помеѓу уметноста и воената професија, зашто главно луѓето мислат дека се тоа две различни, па дури и спротивни дејности. Јас како уметник и војник чувствувам многу допирни точки помеѓу овие две нималку лесни дејности. Ако се знае дека воената професија изобилува со предизвици и стресни ситуации, секако дека е потребен некаков вентил за испуштање на таа енергија и полнење со друга енергија. Токму поради тоа, после работното време уживам во мојата работилница создавајќи дела, кои се резултат на мојата креативност. Впрочем, и тоа што сум воспитуван во духот на воената професија ми помага во уметничкиот дел, зашто истите атрибути се потребни и во уметноста. Исто така, и добрата физичка кондиција, стекната како припадник на АРМ, има голем придонес во оваа исклучително тешка работа. која бара голема психофизичка кондиција. Како резултат на таа моја енергија, речиси целиот мој дом во Радишани го преуредив како галерија во духот на нашите традиционални вредности. Целокупниот ентериер и екстериер го изработив користејќи ја мојата креативна енергија. Се разбира, тука е и мојата фурна, која е една од моите најомилени креации и која претставува резултат на многугодишно идејно развивање на овој преубав проект. Токму овој проект ми беше инспирација да ја направам македонската фурна во Кабул.

Роберт Коцев







Универзално службено оружје

Кога првпат ќе го погледнете овој нов производ на компанијата „БиТ“, можеби ќе кажете дека тоа е пиштол. Потоа, може да го погледнете повторно и да кажете дека тоа е оружје за лична одбрана. Но, тоа не е важно, бидејќи во секој случај тоа би било погрешно. Добро, па можеби е карабин? Не, не е ни тоа. Ако треба да направите дефинитивна одлука како оваа пред некој од „БиТ“, веројатно ќе ги навредите. Тоа е затоа што „БиТ“ се впуштиле длабоко во концептуализацијата и дизајнот на универзално службено оружје. Факт е дека овој пиштол има своја сопствена класификација. Зошто е така? Оружје за лична одбрана, карабин - нели е сеедно? Не баш. УСО е направен за конкретни корисници кои имаат долга листа на критериуми кои треба да се исполнат. Не само оружје, туку систем на оружје со сериозни оперативни побарувања како намалена големина и способност да се носи во футрола. Ова значи дека оружјето е секогаш достапно без да се попречуваат другите должности на корисникот. На УСО, едноставно не му е додаден само кундак. Наместо тоа, компанијата од почеток дизајнирала преносliв систем на оружје. Пиштолите со кундак навистина не се ништо ново. „Боршард Ц93“ од 1893 или „Маузер Ц96“ од 1896 година не се само едни од првите пиштоли, туку исто така имале и опционален кундак. Но, практично кај сите пиштоли со кундак, кои се појавиле на пазарот во последните 125 години, тие се со дополнителен кундак.

Во свет каде што терористите можат да нападнат во секој момент, се појавуваат нови предизвици. Постојат разлики помеѓу целите на терористите и целите на просечните криминалци, а луѓето во „БиТ“ сериозно размислувале за нив. Со детаљно истражување, „БиТ“ откриле дека службениците за спроведување на законот, особено оние во Европа, имаат потреба од оружје кое може да обезбеди ефективни погодоци на поголеми растојанија

Универзалното службено оружје (УСО) од швајцарската компанија „Бругер и Томет“ (БиТ) не е ниту пиштол ниту карабин, туку ги комбинира добрите страни на двата типови на оружје и создава нова класа на оружје. Ви го претставуваме новото службено оружје на иднината







Недостатокот на дополнителниот кундак е тоа што тој дополнително се носи и доколку е потребно, мора прво да се монтира. Дури и системите како што се „Ronin“ или „KPOS“ на израелските производители „CAA Tactical“ и „FAB Defense“ не претставуваат понатамошен развој во оваа смисла. Треба да се одлучи долго пред да се употребат дали ќе се користи оружјето со или без кундак. Краткорочна одлука дали ќе се користи со или без кундак во услови на употреба не е можна кај било кој од познатите системи. Така, УСО на БиТ се уште претставува нешто што се уште не е присутно на пазарот. Повеќе од тоа, УСО во согласност со своето име треба да биде првото вистинско службено оружје за универзална намена. Како и војската, полицијата има различно вооружување кое ги исполнува различните барања. Пиштолот служи како основно оружје повеќе од 100 години. Како резултат на повеќе тешки криминални престапи од средината на минатиот век, но и од тероризмот во 1970-тите, автоматот бил додаден кон полициското вооружување. Сепак, ова се користи само како групно оружје, односно не е лично вооружување, туку се наоѓа во патролното возило или складирано во полициската станица. Само на аеродромите и одредени места за патролирање може да се види мешано вооружување, при што службеникот, кој го носи автоматот, секогаш го носи и неговиот службен пиштол. Имајќи ги предвид актуелните терористички закани и врз основа на искуството стекнато за време на разните терористички напади од последниве години, сега се случува преиспитување во врска со полициското вооружување. Полициски службеник во патрола, кој е прв на местото на настанот, мора да може ефикасно да се бори против сторителите/ терористите. Во минатото, полицајците кои пристигнувале први на местото на настанот само го блокирале местото и чекале да дојдат специјалните сили. Сепак, тоа можело да потрае и до еден час. Поради оваа причина, денес првите пристигнати полициски службеници треба да преземат акција против терористите. Но, бидејќи терористите обично се вооружени со автоматско оружје, полицаецот со неговиот пиштол е во безнадежна ситуација. Едноставно носење на автомат или јуришна пушка во секоја патролна кола не е решение. Прво, автоматот чини повеќе од еден службен пиштол. Второ, обуката на полицајците во гаѓање веќе во голема мерка е намалена, така што обуката со второ оружје би била толку основна, што полицискиот службеник би немал шанса во случај

на вонредна состојба. Заклучоците на швајцарскиот производител на оружје „БиТ“ се исто толку ефикасни колку што се едноставни: оружје што ги комбинира предностите на двата видови, на пиштол и карабин во едно оружје. Значи, инженерите во „БиТ“ одлучиле да развијат оружје што е лесно, брзо и безбедно да се користи како пиштол на растојанија до 15 метри и како автомат на растојанија од 15-75 м. Оружје кое е компактно како пиштол, така што може да се носи како основно оружје, но може веднаш да биде прецизно, со поголем дострел и огнена моќ како карабин. Како што се подразбира од името тоа навистина е универзално службено оружје. Едноставно кажано тоа е пиштол со трајно интегриран, преклоплив кундак. Покрај тоа, постои интегрирана електронска целна оптика, која значително ја зголемува можноста





за погодок токму под стрес. Модерните пиштоли се прецизни, но слаба точка во прецизноста е човекот. Кратката нишанска линија и отворените нишани, стресот при напад и недостатокот на обука, покажуваат дека прецизноста значително се намалува на растојанија над 10 m. Анализите на реалните полициски акции со употреба на официјалното огнено оружје покажуваат дека стапката на погодоци е помала од 30% на кратки растојанија. Колку е поголемо растојанието помеѓу полицаецот и сторителот, толку е помалку веројатно дека ќе биде погоден. Слични анализи од Соединетите Американски Држави покажуваат дека со автоматското оружје (M4 клонови) што се носи таму во секоја патролен автомобил, веројатноста за погодок е значително повисока на растојанија поголеми од 10 m. Подобрата прецизност со автоматот се должи само на два фактори: од една страна, тоа е оптичката целна помош и од друга страна, помирно и постабилно оружје кое се држи со двете раце плус поддршката на кундакот.

УСО има алуминиумски сандак на кој се споени ракофатката и заштитата на чкрапалото кои се направени од полимер и тие се така добро споени со сандакот што е тешко да се види каде алуминиумскиот сандак започнува и завршува, и се чини дека се направени од ист материјал. Предниот дел од сандакот има Пикатини-шина на која е сместена светилка. Сандакот се протега околу 5 см подалеку од задниот дел од традиционалниот пиштол. Овој робустен дел ги поддржува повеќето уникатни карактеристики на УСО и тој претставува јадро на оружјето. На задниот дел на сандакот е точка за прицврстување на преклопниот кундак. Овој кундак од тенка полимерна маса е долг околу 18 см. Со притискањето на копчето на задниот дел се преклопува убаво долж десната страна на сандакот. Во оваа конфигурација, корисникот може да пристапи само до декокерот и лизгачот на левата страна. Кога е преклопен, кундакот се отвара со генијален механизам што се активира со притискање на копче кое е поставен на сандакот веднаш над Пикатини-шината. Исто така, на задната страна на сандакот, преку шест завртки прицврстен е оптички мост. Оваа база има специфичен „Aimpoint Nano reflex“ нишан, втора клучна карактеристика што го прави УСО способен за брзи и прецизни истрели до 25 метри. Со ова им се овозможува на корисниците да одржуваат поголемо растојание кога



УСО има алуминиумски сандак на кој се споени ракофатката и заштитата на чкрапалото кои се направени од полимер и тие се така добро споени со сандакот што е тешко да се види каде алуминиумскиот сандак започнува и завршува и се чини дека се направени од ист материјал. Предниот дел од сандакот има Пикатини-шина на која е сместена светилка

е потребно. Специјално дизајниран за УСО, нано-нишанот му овозможува на корисникот почиста слика за време на акција и му овозможува двете очи да му останат отворени, подобрувајќи ја свесноста за ситуацијата. Нано-нишанот е доста импресивен сам по себе со 3,5 MOA точка (MOA претставува минути од агол. 1 MOA претставува агол на гледање од приближно 1,0472 инчи на растојание од 100 јарди (91.44 m). Ова е генерално заокружено на 1 инч на 100 јарди, што ја прави MOA погодна единица за употреба во балистиката), која е чиста и многу лесно се гледа кога ќе се подигне оружјето. Исто така е солиден, со отпорност на вода до 25 метри, отпорен на удар, а минималниот век на траење на батеријата е 20.000 часови. Седумте нивоа на осветленост на „Aimpoint Nano“ треба да одговараат на потребите на секоја ситуација, а приспособувањата можат да се направат преку копчињата од двете страни. „БиТ“, водечки производител на придушувачи, ја продолжи цевката за 11 mm на вкупно 110 mm. Овие 11 мм се користат за навој, така што придушувачот може да се инсталира лесно и брзо. Особено во случај на антитеристичко распоредување, придушувачот е исклучително корисна помош, бидејќи го отежнува оптичкото и акустичното откривање на стрелецот. УСО користи рамки за муниција за 17 или 19 куршуми, а може да користи и рамки од 30 куршуми.

УСО може да се носи на колкот во футрола како пиштол. Бидејќи УСО е дизајниран за практична полициска употреба, БиТ тврди дека од футролата, корисникот може да го извади и да отвори оган за помалку од една секунда со склопен кундак и помалку од 1,5 секунда со отворен кундак. Тоа е и пиштол и оружје од кое се пука од рамо и нема да ги попречува другите движења. Нема потреба да се носи преку рамо, иако „БиТ“ вклучува и ремник. Претпоставената продажна цена на УСО треба да биде околу 2000 евра. Ова во однос на нормален службен пиштол на прв поглед се чини скапо. Но, бидејќи се испорачува со кундак, целна оптика и футрола, оваа цена е релативна. Друг фактор кој влијае на трошоците при набавка на ново оружје е обуката на полициските службеници. Тука повторно, УСО нуди значителни предности. Бидејќи сите полициски службеници се запознаени со стандарден пиштол како примарно оружје, не е неопходно повторно да се обучат, туку да се обучат само за разликите со постоечкото службено оружје. Трошоците за преквалификација на УСО на „БиТ“ се соодветно ниски. УСО на швајцарскиот производител „БиТ“ е нова класа на оружје, бидејќи ги комбинира предностите на пиштол со оние на карабин. Оружјето е извонредно погодно за нормална употреба на полицијата и во случај на терористички напад ја зголемува способноста за преживување, како и опстанокот на полициските службеници и на невините цивили. Оттука, тоа е интересна опција за идно разумно полициско вооружување, како од тактичка и стратегиска страна, така и со цена. Исто така, вклучени се: светилка (B&T APL Advanced Pistol Light), по една рамка за муниција од 17, 19 и 30 куршуми, футрола за носење, комплет за чистење, ремник, упатство и куферче.

Александар Стојчевски



КАРАКТЕРИСТИКИ:	
КАЛИБАР	9 x 19 mm
СИСТЕМ	Браунинг систем
НАЧИН НА ДЕЈСТВО	Полуавтоматски
ДОЛЖИНА МИН. / МАКС	255 ММ / 470 ММ
ШИРИНА	43 ММ СО ЗАТВОРЕН КУНДАК
ВИСИНА	170 мм
ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА	110 mm
ТЕЖИНА	980 g
ПРИМАРЕН СИСТЕМ ЗА НИШАНЕЊЕ	Aimpoint NANO
ПИКАТИНИ-ШИНА	1
РАМКИ ЗА МУНИЦИЈА	17, 19 И 30 КУРШУМИ
КУНДАК	Преклопен

Летна алпинистика и



јазење





Припадниците на Ренџерскиот баталјон од составот на Полкот за специјални операции во периодот од 12.03 до 19.03.2018 година во реонот на Демир Капија реализираа обука од летна алпинистика и јазење. За време на обуката припадниците на единицата се фокусираа на извршување на дадената мисија на тешко пристапен планински терен, како и на тактиките и техниките за пребарување, спасување и евакуирање на повредени. Вежбите, како што се уништување на непријателско командно место и ексфилтрација со помош на алпинистичка опрема и движење по тешко проодни терени, беа реализирани во дневни и во ноќни услови, со цел извежбување за реализација на ваков вид на задачи во сите временски услови. Овој вид обука бара од учесниците голема психофизичка подготвеност, посветеност и стручност, што беше демонстрирано и успешно реализирано ва обуката од страна на припадниците на Баталјонот.

Рачна бомба „М75“






Рачната бомба „М75“ е наменета за уништување на непријателска жива сила во сите услови на блиска борба, со дејството на ударниот бран и со убиственото дејство на челичните сачми. Ефикасна е против цели во ров, засолништа, утврдени објекти, шуми и друго. Оваа бомба припаѓа во категоријата на распрснувачки бомби со временско дејство. Основни делови на бомбата „М75“ се: тело на бомбата, експлозивно полнење и запалката. Телото на бомбата има јадро и надворешна црна пластична префрагментирачка кошулка. Јадрото претставува убиствен дел на бомбата и составено е од 3000 челични сачми со Ø= 2,5-2,9 mm, кои меѓусебно се поврзани со пластична маса. Експлозивното полнење е пластичен експлозив (од хексоген или пентрит), кој поседува голема бризантна моќ, а масата му изнесува 38 gr. Експлозивното полнење е поставено во јадрото од бомбата и наменето е да го распрсне телото од бомбата и на челичните сачми да им даде убивствена моќ. За активирање (детонција) на експлозивното полнење се користи запалка која ги поседува следните основни делови: тело, удирач, осигурувач и детонатор. Инаку, запалката е ударна со временско дејство. Телото на запалката е изработено од пластика и ги обединува сите делови од запалката во една целина, односно на телото се наоѓаат: жлеб за сместување на удирачот, ,,уши”, под кои се наслонуваат закачките од рачката на осигурувачот, отвор со навои за премин и навртување на детонаторот, отвор за поставување на осигурувачката игла и оската на удирачот и навои за навртување на запалката на телото од бомбата. Самиот детонатор е изработен како единствен склоп кој во себе ги содржи: носачот на детонатор, иницијалната каписла, забавувач, преносно иницијално полнење и детонаторско полнење. Инаку, времето на забавување до моментот на активирање на иницијалната каписла, до детонацијата на бомбата, изнесува 3 до 4 секунди.

Откако ќе се повлече алката и ќе се извлече сигурносната игла, додека рачката на осигурувачот се држи цврсто прилепена покрај телото на бомбата, тогаш и самата бомба е сигурна. Но, кога ќе се фрли бомбата од рака, рачката под дејство на пружината од удирачот се одвојува и отпаѓа од бомбата. Кога ќе почне рачката да се одвојува од телото на бомбата, ударната игла на удирачот лизга по задржувачот на осигурачот и го одвојува заедно со рачката од телото на бомбата. Кога рачката ќе се одвои од телото на бомбата најмалку 35°, ударната пружина продолжува да го притиска удирачот напред. Ослободениот удирач удира во иницијалната каписла и ја активира. При активирањето на иницијалната каписла не се слуша пукот, туку само удар на удирачот во капислата. Потоа активираната иницијална каписла го пали забавувачот.

На крајот од горењето забавувачот го пали преносното иницијално полнење и детонаторското полнење. Детонаторот го активира експлозивното полнење и предизвикува експлозија на бомбата. При експлозијата на бомбата се создава голем ударен бран и се ослободува голема енергија, која на челичните сачми им дава снага на убиствено дејство. Инаку, бомбата може да експлодира во вода, во снег и во кал. Фрлањето на бомбата опфаќа подготовка на самата бомба за фрлање и фрлање на бомбата. Бомбата се фрла само од засолниште во лежечки, во клечечки и во стоечки став или од позади засолниште. За изведување на обука во фрлање на бомбата, за изведување на подготвителни гаѓања и тактички вежби, е развиена вежбовна верзија на бомбата со ознака „БРВ М75“.

Ивица Дамески

1. Детонаторско полнење
2. Свилена покривка
3. Преносно иницијално полнење 2
4. Преносно иницијално полнење 1
5. Забавувач
6. Појачувач на пламенот
7. Запалка на забавувачот
8. Иницијална запалка
9. Тело на запалката
10. Закачка
11. ,,Уши”



12. Осовина на удирачот
13. Ударна пружина
14. Алка
15. Задржувач
16. Тело на удирачот
17. Сигурносна игла (со алката)
18. Носач на детонаторот
19. Оловна цевка
20. Рачка
21. Експлозивно полнење
22. Пластична кошулка
23. Јадро од челични сачми со Ø= 2,5-2,9 mm

ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАЧНАТА БОМБА„ М75“	
ВИСОЧИНА НА БОМБАТА	89 mm
ПРЕЧНИК НА БОМБАТА	58 mm
ТЕЖИНА НА БОМБАТА	355 gr
ЗАПАЛКА	Механички тип ,,Бушон”
ВРЕМЕ НА ЗАБАВУВАЊЕ	3-4 секунди
КОШУЛКА	Префрагментирачка, 3000 челични сачми со Ø= 2,5-2,9 mm
ЕКСПЛОЗИВНО ПОЛНЕЊЕ	Хексоген или пентрит m= 38 gr
УБИСТВЕН РАДИУС	12-18 m
РАДИУС НА РАНУВАЊЕ	30-50 m
ДАЛЕЧИНА НА ФРЛАЊЕ	Просечно околу 30 m
УПОТРЕБЛИВОСТ ПРИ ТЕМПЕРАТУРИ	-30/+60°C

„CAMM"

Англиски противвоздушен модуларен систем

Заедничката модуларна противвоздушна ракета „CAMM" (Common Anti-Air Modular Missile) припаѓа на семејството на ракети „земја-воздух" и „воздух-воздух", а развиени се од страна на француската компанија „MBDA" за потребите на Обединетото Кралство



Заедничката модуларна противвоздушна ракета „CAMM" (Common Anti-Air Modular Missile) припаѓа на семејството на ракети „земја-воздух" и „воздух-воздух", а развиени се од страна на француската компанија „MBDA" за потребите на Обединетото Кралство. Компанијата „MBDA" има развиено заеднички ракети кои ќе ги задоволат идните барања на противвоздушната одбрана за морнарицата, за копнените сили и секако воздухопловните сили. Со оглед на тоа дека воздушната цел, која може да биде во дијапазон од брзи авиони и хеликоптери до крстосувачки ракети и беспилотни летала, е слична и за морската, за копнената и за воздушниата средина, оваа решение ги максимизира модуларноста и заедништвото, при што очигледни се придобивките во однос на трошоците и логистичката поддршка. „CAMM" ќе ги обезбеди идните копнени сили со лесно преносливи и брзо распоредливи капацитети и способности за противвоздушна одбрана, при што можат да функционираат како самостојна единица или да бидат интегрирани во рамките на повисока структура за противвоздушна одбрана. Доколку се достапни информациите за цели во воздушен простор, преку мрежната инфраструктура во која

Системот „FLAADS“ претставува дел од „поширокатa програма“ на Обединето Кралство за развој на комплексни оружја, кој ја презема обврската да испорача заедничка платформа за оружје (Заеднички противвоздушен модуларен ракетен систем -CAMM), за да ги обезбеди поморските, копнените и воздушните сили

е поврзан ракетниот систем, тогаш „CAMM“ има способност за лансирање на ракета (иако нема оптичка видливост на целта). Оваа функција за можно гаѓање на воздушни цели со кои нема оптичка видливост е особено привлечна при гаѓање на затскриени борбени хеликоптери и нисколетечки крстосувачки ракети кои ја следат конфигурацијата на теренот. Копнената варијанта на „CAMM“ била нарачана од страна на Обединетото Кралство, со цел да го замени ракетниот систем „Rapier“. Новиот ракетен систем со вертикално лансирање се докажуваше во текот на серија испитувања, што кулминираше со успешното лансирање од камион во мај 2011 година. Во мај 2014 година, британското Министерство за одбрана нарача копнена варијанта на овој систем со ознака „FLAADS Land“ (Land Variation of the Future Local Air Defense System). Системот „FLAADS“ претставува дел од „поширокатa програма“ на Обединето Кралство за развој на комплексни оружја, кој ја презема обврската да испорача заедничка платформа за оружје (Заеднички противвоздушен модуларен ракетен систем -CAMM), за да ги обезбеди поморските, копнените и воздушните сили.

Варијанти:

„CAMM Sea Ceptor“. Како дел од огнениот систем „Sea Ceptor“, системот „CAMM“ обезбедува противвоздушна одбрана за поморските сили во круг од 360° на далечини поголеми од 25 километри. Не се неопходни радари за илуминација/следење. Ракетата „CAMM“ има способност да биде наведувана од страна на стандарден набљудувачки бродски радар, со цел да обезбеди високо ниво на заштита од повеќе истовремени цели во воздушен простор на отворен океан и во крајбрежни области. Контејнерите за лансирање на ракетите „CAMM“ се компатибилни со контејнерите за системите „SYLVER“ и „Mk41“, што значи од овие контејнери може да бидат лансирани ракети од семејството „CAMM“. Воведувањето на техниките за „меко лансирање“ ја намалува масата на системот и овозможува поголема флексибилност во поглед на избор на позиции за поставување на бродот.

„CAMM Air Operations“. Истата ракета „CAMM“, дизајнирана за морнарицата и копнените сили, едноставно е адаптирана и за потребите на воздухопловните сили (на борбените авиони). Со искуството на компанијата „MBDA“, со ракетите „воздух-воздух“ („ASRAAM“ и „Meteor“), се обезбеди постигнување на светска класа на ракетите „CAMM“. „MBDA“, соработува со Министерството за одбрана со цел да ја искористи „CAMM“ технологијата, за во иднина да се подобрат способностите на кралските воздухопловни сили во делот на ракетите „воздух-воздух“.

Лансирната рампа е монтирана на камион, „MAN SV HX60“ со погон 4x4, со кран за самотоварење и 12 лансирни цевки за



ракетите „CAMM“, поставени на задната страна на шасијата. Во маршевска положба, ракетите се спуштаат во задниот дел од шасијата на камионот. Во борбена позиција, две групи од по шест ракетни лансери се подигнати во задниот дел од кабината.

Ракетата „CAMM“ има оперативен дострел од 1 до повеќе од 25 километри. Таа има тежина од 99 килограми, должина од 3,2 метри, со дијаметар од 166 мм и достигнува суперсонична брзина од 3 Mach (или 1.020 м/с). Во текот на лет, ракетата може да добива податоци за целта преку податочна врска, пред наведувањето да го преземе активната радарска глава за наведување - во завршната фаза од летот (непосредно пред средба со целта). Ракетата „CAMM“ е базирана на инфрацрвената глава за наведување од ракетите „воздух-воздух“ „ASRAAM“, но со воведување на напредна електроника и активна радарска глава. Ракетата „CAMM“ се исфрла „студено“ од лансирната цевка со помош на компримиран воздух, кој ја исфрла ракетата во воздух на височина од 100 метри, по што се пали маршевскиот мотор на ракетата. Поради овој начин на исфрлање на ракетата, таа лесно се интегрира со сите видови на платформи, за разлика од ракетите како што се „ASTER“, „MICA“, „ESSM“ и сите други, кои се лансирани „жешки“ и за кои е потребна многу покомплексна лансирна цевка и возило, способни да се справат со стресот, пламенот, топлината и издувните гасови. Поврзувајќи го овој ракетен систем во рамките на кралскиот артилериски систем за командување и контрола, се прави интеграција со мрежите на „Falcon“, радарите „Saab Giraffe“ и НАТО „Link 11/16“. На овој начин се овозможува развој на проектот „Network Enabled Airspace Defence and Surveillance“ (NEADS). Лансирната рампа за лансирање на ракети „CAMM“ е монтирана на камионска шасија, воена верзија на „MAN SV HX 60“, со погон 4x4. Камионот е опремен со дизел-мотор од најновата генерација, кој развива 326 КС и има вртежен момент од 1250 Nm. Камионите со ознака „HX 60“ се опремени со дванаесетбрзински автоматски менувачи „ZF AS-Tronic“ од компанијата „MAN“. Во кабината има можност да се сместат возач и двајца патници. На кровот има уредено место за набљудување, каде што може да се монтира лесен митралез. Камионот може да се движи со максимална брзина до 90 км/ч на асфалтиран пат, со максимален досег до 800 км. Без посебна подготовка, камионот „MAN HX60“ може да помине водени пречки длабоки до 1,2 метри. Интересна карактеристика на системот „CAMM“ во копнена верзија е тоа што не бара радарот да биде на иста локација со системот, со што се зголемува можноста за прикривање на местото на лансирање и, секако, голема предност е на системот што може да гаѓа воздушни цели кои не му се на линијата на визирање ракета-цел.

Трајче Денчевски



„ARV Coyote“

Канадско извидувачко оклопно возило

Оклопното извидувачко возило „ARV Coyote“ е произведено од страна на „General Dynamics“ од Канада. Ова возило е поврзано со американското „LAV-25“, добро позната фигура од ирачките и авганистанските војни, дериват од швајцарската „MOWAG Piranha 8×8“ и едно од најпознатите западни повеќенаменски возила на тркала во последните неколку децении

Оваа мошне мобилна, добро вооружена и добро заштитена извидувачка варијанта на лесни оклопни возила LAV се користи за извидувачки и надзорни мисии на ниво на борбена група и на бригадно ниво. Возилото „ARV Coyote“ е во служба на канадската армија и досега се произведени 203 возила од овој тип. Тоа го замени оклопното извидувачко возило „Lynx“. „Којот“, всушност, беше лиценцирана верзија на „Piranha II“ од страна на „General Dynamics Land Systems Canada“, наменето за извидничка улога. Тоа беше замена на „GDLS-Canada 6×6“, оклопни возила за општа намена од фамилијата AVGP (Armored Vehicle General Purpose), која се состоеше од оклопните возила „Cougar“ – „Кугар“ (возило за огнена поддршка), „Husky“ – „Хаски“ (оклопно возило за поддршка-извлекување) и „Grizzly“ – „Гризли“ (оклопен транспортер) од крајот на 1970-тите години. Тоа се приклучува на флотата од релативно слични возила како „Bison APC (1988)“ и „LAV-III IFV“ (1999), соодветно базирани на швајцарските „8×8 Mowag Piranha II и IIIH“. „Којот“ е развиен



на „LAV-II“ на почетокот на 1980-тите години и изнесува 14,4 тони наспроти 17 тонскиот „LAV-III“. Со слична форма на трупот како „Bison/LAV-II“ „Којот“ е потполно амфибиско возило со систем за заштита од нуклеарно, од хемиско и од биолошко оружје, систем за автоматско гасење на пожар и „ Halon 1301 plus ozone“, заштита во одделот на посадата, како и опрема за централно греење и ладење, стартери итн. Трупот овозможува оклопна заштита слично како кај „LAV-II“ со оклоп кој се движи од 8-13 mm, но со дополнителни оклопни плочи кои овозможуваат заштита против поголеми калибри на муниција. Оклопното извидувачко возило „Којот“ има посада од 4 лица, вклучувајќи командир, возач, нишанџија и оператор за надзор. Напред десно се наоѓа моторното одделение, од левата страна е возачот со отвор со поклопец кој е опремен со три уреди за набљудување (перископи), централен IR, позади има борбен оддел за командирот, нишанџијата и операторот за надзор, каде што е сместена и опремата. Пристапот на возилото е можен од две странични врати, двата задни отвори со капак на кровот, еден отвор со капак за возачот, командирската купола и отвор за излез (бегство) од левата страна. Погонот се состои од докажаниот „Detroit Diesel 6V53T“ дизел-мотор со 275 hp и максимална брзина на патишта од 100 km/h со трансмисија „Allison MT653“, (5 fwd/1 rv), едно преносно куќиште, 4 диференцијали и осум зависни тркала со можност за избор за погон на 8 (WD) тркала или на 4 (WD) задни, со погонски управувач и сопирачки. Максимална брзина е 100 km/h за оперативен опсег од 660 km. Агилноста е помогната со радиус на вртење од 15.5 m и способност на совладување на ров со широчина од 2 m, совладување на наклон од 60% и совладување на страничен наклон од 30 %.
Вооружувањето се наоѓа во куполата а се состои од митралез „M242 Bushmaster 25mm“ (со 210 парчиња муниција), впрегнат лесен митралез 7,62 мм „C6“ и монтиран митралез 7,62 мм „C6“ на куполата за командирот на возилото, (со вкупно 660 куршуми). Освен тоа, предните лица на куполата добиваат 2×4 димни и фрагментарни гранати 76 мм (8 повторни полнења). Сите перископи имаат 2 нивоа на ласерска заштита (надоградени до 3), а седумте перископи на командирската купола даваат целосен поглед од 360°. Од останатата опрема вклучува поглед за аквизиција на целите „DIM 36“, појачувач на сликата „ENIII“ и далечински приказ на термичката слика „HIRE“. Погледот на нишанџијата, исто така, е опремен со „DIM 36“ и „HIRE“. Двајцата, комадирот и нишанџијата, имаат пристап до ресиверот за ласерско предупредување (laser warning receiver). Навигациската опрема вклучува дигитален компас-систем (DCS) и глобален систем за позиционирање PLGR. Возилото „Којот“ е опремено и со хидрауличен чекрек за самоизвлекување.
Којотите се опремени со софистицирана електронска опрема за набљудување. Вклучува радарски, инфрацрвен и видеонадзор. Сетот заштитна опрема за надзор во сите временски услови, сместен внатре во задниот оддел, опфаќа сензори за далечински надзор монтирани на статив, поврзани со оптички композитен кабел 200 м (MSTAR), радар за надзор на бојното поле (азимут на покривање од 3200 mil, двоен опсег со електрооптички сензори), NODLR и термичка камера. Некои варијанти имаат далечински надзорен пакет. Има два кратки статива кои може да се постават на далечина до 200 метри од возилото. На ниво на бригада, секое возило поседува 10-метарски јарбол за сензори и радарска и слична опрема плус FLIR со високи перформанси. Секако, нишанџијата, командирот и набљудувачот имаат пристап до ласерскиот далечинометар кој е безбеден за очите (со распон од 10 км) со систем за препознавање/идентификација на целите до 12 км далечина во сите временски услови. Радарот на Којотот може да открие големи возила како што е на пример воз или поголеми камиони на далечина од 24 км. Цели со средна големина како што се тенковите може да се откријат до 12 км. Во услови на добра светлина или со користење на термална камера во текот на ноќта, може да открие персонал до далечина од 20 км. Оваа опрема го прави „ARV Coyote“ едно од најдобрите специјализирани извидувачки возила ширум светот. Останатите спецификации на канадското возило „ARV Coyote“ се: должина 6,39 метри; широчина 2,5 метри; висина 2,69 метри; тежина 14,4 тони (battle ready); мотор Detroit Diesel 6V53T diesel; посада 4+0; вооружување - M242 25 mm QF Autocannon (210 rds) 1 x 7.62 mm C6 coaxial LMG, 1 7.62 mm C6 roof LMG (660 rds), 2×6 cluster grenade launchers; автономија на опсег 660 km; максимална брзина на пат до 100 km/h; совладување на наклон од 60%; совладување на страничен наклон 30%; совладување на ров до 2 м; совладување на вертикална препрека до 0,5 м; совладување на водена препрека до 1 м длабочина. Канадскиот „ARV Coyote“ е во служба од 1997 година, а за првпат во акција е виден во 1999 година во Босна со силите на „IFOR“ во 1999 година, а подоцна и во Косово, додека вторпат зема учество во операции во Авганистан во 2002 година. Некои возила земаат учество за поддршка на самитот на Г-8. Мисиите вклучуваат извидување и надзор (групно и бригадно тактичко ниво). Возилото „Којот“, исто така, е докажано за стратешка мобилност, може да биде транспортиран по воздушен пат (со C141, C5 и C-130 Hercules), тактичка мобилност и заштита од лесни оклопни цели. Дизајниран да оперира низ жариштата ширум светот, тоа е вооружено и оклопно за да ги исполни тешките задачи. Балистичкиот оклопен труп заштитува од огнено оружје со калибар до 7,62 мм, мини и експлозивни направи. Со додаток на штитови може да штити и од поголеми проектили.



Возилото „Којот“ има неколку варијанти, извидувачка, командна, комплет на борбена група и комплет за поправка. Почнувајќи од 1996 година па сè до 1999 година, произведени се вкупно 203 возила „Којот“

Идриз Идризоски



„Eurofighter Typhoon"



„Eurofighter Typhoon" е високо агилен авион, дизајниран да биде врвно ефикасен во борбата. Својот прв борбен настап го имал за време на воената интервенција во Либија во текот на 2011 година во состав на Кралските воздухопловни сили на Велика Британија и италијанските воздухопловни сили, кои извршиле воздушни извиднички летови и напад на копнени цели



Развојот на авионот „Eurofighter Typhoon" ефикасно започнал во 1983 година во состав на идната европска програма за борбен авион, а како резултат на мултинационална соработка помеѓу Велика Британија, Германија, Франција, Италија и Шпанија. Несогласувањата околу дизајнот и оперативните барања ја принудиле Франција да го напушти конзорциумот за самостојно да го развие авионот „Dassault Rafale". Првиот прототип на финализираниот „Eurofighter" го направил својот лет на 27 март 1994 година. Името како „Typhoon" било усвоено во септември 1998 година, со потпишување на првите договори за производство истата година. Крајот на Студената војна ја намалил европската побарувачка за борбени авиони. Постоела дебата околу трошоците и работниот дел на авионот. Стапил во оперативна употреба во 2003 година, како воздухоплов во служба на воздушните сили на: Австрија, Италија, Германија, Велика Британија, Шпанија, Саудиска Арабија, Оман, Кувајт и Катар, со што вкупната набавка до 2016 година достигнала 599 авиони.

Во текот на 1972 година, Обединетото Кралство ги идентификувало условите за нов борбен авион. Спецификацијата издадена од воздухопловството довела до конвенционален дизајн, многу сличен со американскиот авион „Mcdonnell Douglas F/A-18 Hornet", кој бил во напредната фаза од неговиот развој. Истовремено се појавило и западногерманско барање за нов борбен авион. Во текот на 1979 година, германската компанија „Messerschmitt-Bölkow-Blohm" и британската „British Aerospace", соработуваат на полето на нов европски борбен авион. Истата година им се приклучува и француската компанија „Dassault". Првичните барања за испорака биле: Велика Британија со 250 авиони, Германија со 250, Италија со 165 и Шпанија со 100 авиони. До 1990 година изборот на радар за авионот станал главен камен на сопнување. Велика Британија, Италија и Шпанија поддржале друг тип на радар наспроти Германија. Германскиот министер за одбрана се обидел да ја повлече Германија од проектот во корист на користењето на Eurofighter-технологијата во поевтин и полесен авион. Поради износот на пари што веќе биле потрошени за развој, бројот на работни места зависни од проектот и обврзувачките елементи за секоја партнерска влада, премиерот не можел едноставно да се повлече од проектот.

Средствата за развој и производство биле огромни. Во 1988 година државниот потсекретар за вооружените сили на Обединетото Кралство, изјавил дека „европските борбени авиони би биле

голем проект, чинејќи го Обединетото Кралство околу 7 милијарди фунти“. Наскоро било очигледно дека пореалистичка процена е 13 милијарди фунти, сочинета од трошоците за развој во износ од 3,3 милијарди плус 30 милиони по авион. До 1997 година проценетите трошоци биле 17 милијарди фунти, а до 2003 година изнесувале 20 милијарди фунти. Датумот на испорака на првиот авион на кралските воздухопловни сили бил 54 месеци со задоцнување. Сепак во 2011 година, Националната канцеларија за ревизија проценува дека трошоците за процена, за развој, за производство и за надградба, Велика Британија на крајот ја чинат 22,9 милијарди фунти, а вкупните трошоци на програмата ќе достигнеле 37 милијарди фунти.

Во 2000 година Обединетото Кралство го избрал MBDA Meteor како „воздух – воздух“ проектил со долг дострел за своите „Typhoon“ авиони, со негова планирана употреба од 2011 година. Франција, Германија, Шпанија и Шведска им се приклучиле на Британците во договорот од 1,9 милијарди долари за вооружувањето за три типови авиони: „Typhoon“, „Dassault Rafale“ и „Saab Gripen“. Најновата поддршка за самозаштита вклучувала програма со пасивни, активни и сајбер-воени способности. Во текот на 2015 година, компанијата „Airbus“ тестирала пакет од аеродинамички надградби за авионот познат како „Aerodynamic Modification Kit“. Истиот вклучувал надоградби, со што се зголемува поткревната сила за 25%, се намалува радиусот на засврт, а била подобрена и способноста за насочување на носот на авионот при мала брзина. Силните и лесни композитни материјали биле клучни за дизајнот на „Eurofighter Typhoon“. Нивното користење значи дека тежината е за 30% помала отколку при користење на традиционалните материјали, дизајнирано е зголемување на опсегот и на перформансите, како и намалување на радарскиот потпис.

Во април 2016 година, компанијата „Finmeccanica“ ги демонстрирала способностите на системот за идентификација пријател – непријател (Mode 5 Reverse-Identification Friend-Foe IFF-system). Оваа демонстрација покажала дека е можно да им се даде на пилотите способност да се направи разлика помеѓу пријателските и непријателските платформи на едноставен начин, користејќи го постоечкиот транспондер на авионот. НАТО го разгледувал системот како краткорочно до среднорочно решение за идентификација на пријателските сили, за на тој начин да се избегнуваат колатерални штети поради пријателски оган за време на операциите за поддршка. Авионот е мошне агилен, со високи суперсонични и со ниски брзини. Има дигитален контролен систем за летање (quadruplex digital fly-by-wire control system),

Овој тип на авион е повеќенаменски воздухоплов, првично дизајниран како борбен авион за постигнување супериорност во воздушниот суверенитет на една држава. Авионот со име „Eurofighter Typhoon“ е познат и во НАТО круговите каде што агенцијата „Eurofighter and Tornado Management Agency“ успева да ја менаџира идната употреба на авионот. Се произведува од страна на конзорциум, во кој се здружени три познати компании: „Alenia Aermacchi“ („Leonardo“ од 2017 година), „Airbus“ и „BAE Systems“



кој обезбедува вештачка стабилност, бидејќи самата мануелна работа не може да ја надомести нестабилноста. „Eurofighter Typhoon“ има лесна конструкција со приближно век на траење од 6.000 часови на летање. Дозволениот век на траење, за разлика од проценетиот животен век, изнесува 3.000 часови. Во кабината има дигитални инструменти (без никакви конвенционално вклучени инструменти), со три мултифункционални дисплеи. Понатаму поседува: Head-up display, Forward-looking infrared, Voice and hands-on throttle and stick (Voice+HOTAS), Helmet mounted symbology system, Multifunctional information distribution system, Manual data-entry facility, Fully integrated aircraft warning system, Dedicated warnings panel, Life support system & Aircrew equipment assembly, Nuclear, biological, chemical protection, On-board oxygen generation system итн. Стандардната заштита на г-силата е обезбедена со специјално развиен костум кој обезбедува постојана заштита до 9г оптоварување.

Навигацијата се води преку GPS и инертен систем за навигација. „Eurofighter Typhoon“ може да го користи системот за слетување во лоши метеоуслови. Авионот има и подобрен систем за предупредување за близина на земјата (Ground proximity warning system), како и мултифункционален систем за дистрибуција на информации кој обезбедува линк 16 податочна врска. Во случај на пилотска дезориентација, системот за контрола на летање овозможува брзо и автоматско обновување со едноставно притискање на ова копче. При изборот на оваа контрола, системот ја презема целосната контрола на моторите и летачките контроли, а потоа автоматски го стабилизира авионот со нежно стапување во качување од 555 км/час, сè додека пилотот не е подготвен да ја преземе контролата над авионот.

Драган Павловски



Случувањата во Либија по падот на Гадафи



Либија се бори за реконсолидација на државните институции и авторитативна власт уште од почетокот на Арапската пролет кон крајот на 2010 година. Оваа битка за авторитативна власт особено се засили по убиството на долгодишниот владетел, полковникот Муамар Ал Гадафи, во текот на 2011 година

После падот на режимот на Гадафи, во Либија се прават напори за инсталирање на секуларна влада под водство на Преставничкиот дом (House of representatives - HoR), која има за цел да воспостави централистичка авторитативна власт. Генералниот национален конгрес (General national congress - GNC) го води транзицискиот процес после падот на Гадафи со предлагање на сет од уставни промени кои се изгласуваат во либиското собрание во текот на август 2014 година. Во текот на септември 2014 година, поранешните лојалисти на Гадафи и Преставничкиот дом го назначуваат генералот Хафтар за командант на таканаречената операција „Достоинство“ со примарен фокус за неутрализирање на исламските милитантни групи во Бенгази, со цел распуштање на Генералниот национален конгрес. Со цел да се спротивстават на ова движење, поголема група од исламски милитанти го формираат коалициското движење „Либиска зора“, која во почетокот ја контролира околината на Триполи и поголемиот дел на Западна Либија, против движењето „Достоинство“ кое, пак, има контрола на делови од Киренаица и Бенгази во источниот дел на Либија. Во операцијата „Достоинство“ генералот Хафтар најпрвин извршил целосна контрола над градот Сабри во непосредна близина на Бенгази и после неколку посилни копнени и воздушни напади воспоставува целосна контрола над оваа област. Генералот Хафтар ја спроведува операцијата „Достоинство“ со цел да изврши целосна контрола на областите кои гравитираат во и околу Бенгази, да ги протера исламските милитанти и терористите од ИСИС. Сето ова го прави за да ја засили поддршката од: Франција, Обединетите арапски емирати и САД. Двете меѓусебно спротивставени движења имаат самопрогласени влада и парламент, како и номинирани високи воени лидери, а исто така



вршат дополнителна внатрешна фрагментација и поделба во либиското општество.Треба да напоменеме дека во континуитет се присутни џихадистите на „Ансар Ал Шарија“, либиска терористичка група одговорна за нападот на американскиот конзулат и поголеми групи на ИСИС кои имаат значајна контрола на територијата на Либија. Резултатот на овие континуирани напади е внатрешното раселување на 434.869 лица – бројот на внатрешно раселени лица, што двојно се зголемува после јуни 2015 година. Внатрешно раселените лица од Либија направија „домино ефект“ со кои значително се зголеми бројот на мигранти и внатрешно раселени лица од регионот на Северна Африка и субсахарските африкански држави. Во 2015 година, повеќе од половина милион мигранти се заминати од Либија со бродови, од нив преку 76 000 лица истата година заминале трајно во некои од европските земји. На 30 март 2016 година со помош на посредништво на ООН, Националната влада за спогодба (НВС) доаѓа во Триполи. Група на истакнати либиски правници предводени од Фајаз Ал Сарај претходно вршат преговори во Тунис. На 7 април 2016 година, Националната влада за спас (НВС) или Генералниот национален конгрес (ГНЦ) го оспорува процесот на транзиција на Националната влада за спогодба (НВС). Формирањето на Националната влада за спогодба (НВС) се јавува како резултат на заложбите на ООН со цел да се најде соодветно консензуално решение да се разбијат сите меѓусебно спротивставени политички фракции, а со цел да се создаде Влада на единство. Високиот политички претставник на ООН, Мартин Коблер, во улога на олеснувач и медијатор во преговорите помеѓу спротивставените политички елити, направи серија на разговори во Мароко и во Тунис со Претставничкиот дом (House of Representatives) во Тобук и политичките ривали од Генералниот национален конгрес (General National Congress) со седиште во Триполи. Главните пречки во преговорите за создавање на Влада на единство (Unity Government) ја истакнува загриженоста на Претставничкиот дом (House of Representatives) за позициите во преговорите на политичарите од Генералниот национален конгрес (ГНЦ), кој се поврзани со салафиските милитаристички групации и спротивставувањето на Генералниот национален конгрес за исклучување од преговорите на генералот Халифа Хафтар, еден од клучните личности на либиската армија и поранешен поддржувач на Гадафи, кој бил поддржан да биде активен учесник во политичките преговори од страна на новата влада. Понатамошните силни конфронтации помеѓу политичките елити се јавуваат поради присуството на претставници и фракции од Исламската држава, кои успеале длабоко да се инфилтрираат во Либија во текот на февруари 2015 година и за кратко време успеале да воспостават контрола над либискиот град Сирте. Во текот на мај 2015 година, Владата поддржана од ООН, со поддршка на сојузничките политички и воени фракции, започнува координирана офанзива кон крајбрежните градови на Медитеранското пристаниште кое преставувало најзначајно упориште на воено-политичките ривали надвор од Ирак и Сирија.

САД започнува воздушна кампања во август 2016 година против Исламската држава (ИС) по барање на Либиската влада формирана со посредништво на ООН во Триполи. Со помош на Со активните воздушни кампањи и копнената офанзива се успева да се фатат главните лидери на милитантните групи во Сирте во текот на 11 август 2016 година. Претходно претставници на ООН извршиле теренски истражувања со кои борците на ИСИС во Либија се движел помеѓу две до три илјади, вклучувајќи го и главниот штаб на ИСИС во Либија со целокупниот логистички и административен дел. Осумстотини од нив им давале борбена поддршка на групите на ИСИС во Сирија. Шефот на ИСИС во Либија, Абу Набил,



бил убиен за време на воздушната кампања на коалиционите сили на САД во текот на ноември 2015 година, кој преставува првиот воздушен напад на коалициските сили против ИСИС надвор од територијата на Ирак и Сирија. Без разлика на ова, присуството на борците на ИСИС во Либија во континуитет се зголемува. Притоа ИСИС врши присилна мобилизација на своите борци во Либија и дел од нив ги препраќа во Сирија. Во текот на јануари 2016 година, преку 60 (шеесет) полицајци се убиени и уште 200 (двесте) во бомбашкиот напад во западна Либија кој преставува еден од најсмртоносните напади после падот на режимот на Гадафи. Овие напади се спроведени од страна на Исламската држава која ја презеде одговорноста за истиот.

Соседните Држави и меѓународната заедница му помага на либиското население на повеќе начини. Европската унија донира преку 160 милиони долари во разновидна помош. Помошта била изразена преку: средства за хигиена, храна, лекови и здравствена помош, транспорт, згрижување на лица со посебни потреби итн. Исто така повеќето други држави во светот донираат средства преку комбинирана поддршка со земјите-членки на НАТО и ЕУ. Либиската војна предизвика илјадници мигранти кои се распространија во соседните земји, на пример како Египет во кој бараа азил. Во текот на мај 2011 година речиси 746.000 лица ја напуштиле Либија од моментот на започнувањето на војната. Повеќето мигранти заминале во Италија, од кои 36 од вкупно 222 побарале траен азил. Останатите мигранти побарале азил во другите европски земји. Заробувањето на Гадафи е следниот смел потег кој направил значителни промени за време на војната во Либија. Бунтовниците го заробуваат и убиваат Гадафи во текот на 20 октомври 2011 година. Ова преставува клучен момент за Либискиот конфликтот кој прерасна во војна помеѓу приврзаниците на Гадафи и бунтовниците против неговиот режим.

Меѓународните организации како ООН, НАТО и ЕУ се обидоа да и помогнат на Либија да го надмине и разреши воениот конфликт. Во текот на март 2011 година Советот за безбедност на ООН, го разгледуваше прашањето околу заштита на воздушните зони над Либија. НАТО, потоа, преку ООН, го авторизираше одобрувањето на воздушни напади во Либија со цел на заштита на цивилното население. Повеќе држави дадоа хуманитарна поддршка на цивилното население во Либија.



Со падот на Гадафи политичката состојба се сведе на две влади на ривалство во Тобрук и во Триполи. Секоја од нив поддржана од своите воени ривали: Либиската национална армија под лидерство на генералот Халифа Хафтар со седиште во Тобрук, преставени преку Преставничкиот дом и милитантите од Триполи, се преставени преку Владата на национална спогодба

Африканските лидери на самитот во Конго разговараа за идните неопходни мерки кои треба да се преземат. На овој самит заедничкиот заклучок беше дека е неопходно да се воведе ембарго на снабдување и употреба на огнено оружје со цел да се воспостави прагматичен приод кон завршницата на оваа војна. Повеќе од 29 држави во Блискиот Исток и во Европа во континуитет ги отвораат своите граници за мигранти, која преставува најголемата помош на либиското население која се прави во изминатиот период и сега. Кон крајот на 2015 година со потпишувањето на Либискиот политички договор, ООН се обидува да воспостави обединета




Либиска влада. Високиот преставник на ООН за Либија Гхасан Саламе (Ghassan Salamé) предлага Акционен план со три чекори во текот на 2016 година за да ја разреши Либиската криза. Првиот чекор после потпишувањето на Либискиот политички договор е да започнат да работат како една единствена влада двете одвоени влади во Тобрук и Триполи кој во рок од една година треба да спроведат парламентарни избори за да се види кој од политичките влади ќе биде победник за да ја состави новата обединета влада. Во периодот кој следи премиерот Фајаз ал Серај (Fayez al-Serraj), генералот Хафтар, лидерот на Генералниот национален конгрес Абдурахман Севели (Abdulrahman Sewehli) и политичкиот претставник од Преставничкиот дом Агила Салех (Aguila Saleh) создаваат амбиент за претстојни избори. Либискиот закон од 2014 година, гласачкото тело го дели на изборни целини преку локални племенски заедници на ниво на денешните општини. Притоа Претставничкиот дом има поголема поддршка во источниот дел на Либија, додека владата за Национална спогодба повеќе поддршка има во западниот дел на Либија. Со претстојните преговори во текот на 2016-2017 година под менторство на ООН во 2018 година изгледа дека поголеми шанси за победа има политичката коалиција на генералот Хафтар. Ако нема промени во политичката поддршка на коалицијата на генералот Хафтар оваа година може да се очекува тој да биде наредниот претседател на новата обединета влада. Ако преговорите помеѓу политичките ривали прекинат, тогаш доминантата воено-политичка сила на истокот, генералот Хафтар потајно се подготвува да воспостави контрола на изборите. Во меѓувреме генералот Хафтар добива предупредување од Франција дека употребата на сила преку методот на „Слепо око (Blind eye)“ од надзорот на Европа може уште повеќе да ја продлабочи војната во Либија. Улогата на високиот претставник на ООН, Саламе, покрај обиди за воспоставување на единствена обединета влада помеѓу двата политички ривала е со крајна цел на одржување на фер и демократски избори со цел разрешување на либиската политичка и воена криза која прерасна во војна. Исто така, Саламе во континуитет работи во насока на обезбедување на финансиски средства за Либија од Фондот на ОН за стабилизација. Доколку и сега со силна и сестрана поддршка на ООН не се реши Либиската војна, која прерасна во хуманитарна криза, Акциониот план на ООН ќе пропадне, а цивилната војна ќе се продлабочи. Решавањето на оваа војна не е важно само за безбедноста на државата и нејзин подобар просперитет, туку уште повеќе за разрешување на Медитеранската мигрантска криза, која особено во Либија се засили од 2013 година па наваму. Долгорочното решение на воено-политичката состојба во Либија, ќе ги врати либиските мигранти во својата држава.


д-р Андреј Илиев



Во меѓународната политика постои сериозно загрижување на перманентниот хаос во Либија, откако се извршија серија на бунтови и напади од страна на милитантните групи кои се обидоа да ја поделат државата на политички и племенски заедници



Сексуално вознемирување на работното место



Во студијата спроведена од Центарот за работно право за Американската адвокатска комора, истражувачите обелоденија дека сексуалното малтретирање е широко распространето. Осумдесет и два отсто од жените и 74 отсто од мажите имаат пријавено дека слушаат сексистички коментари на работа. Дваесет и осум проценти од жените и 8% од мажите пријавиле несакано сексуално допирање на работа. Седум проценти од жените, а помалку од 1 отсто од мажите пријавиле дека биле подмитувани или им се заканиле со последици по однос на работното место ако не се вклучат во сексуалното однесување. Четиринаесет проценти од жените и 5 проценти од мажите изјавиле дека ги изгубиле можностите за работа поради сексуално вознемирување кое, исто така, било


Историски гледано, тешко е да се сфати што, всушност, е сексуално вознемирување, но менувањето на перцепциите на јавноста може да го промени тоа. Седумдесет и осум проценти од жените велат дека е поверојатно да зборуваат сега, ако се третираат неправедно поради нивниот пол. А, истиот процент на мажи (77%), велат дека сега има поголема веројатност јавно да зборуваат ако видат дека една жена се третира неправедно





поврзано со одложувања на промоција во кариерата, редуцирани можности за високи работни места и спонзорства, предрасуди кон родителите и намерата да заминат.

Трите најистакнати видови вознемирување (со исклучок на сексистички забелешки) се поврзани со намалување на приходите, уназадување во работата - пониско работно место, губење на клиенти и канцелариски простор и отстранување од важни комисии-комитети. Овие шаблони се вистинити и вон правната професија. Според една неодамнешна студија на истражувачите од Државниот универзитет во Оклахома, Универзитетот во Минесота и Универзитетот во Мејн, жените кои биле сексуално малтретирани имале 6,5 пати поголеми шанси да ги променат работните места од жените кои не биле. „Да престанам, а јас немав работа. Тоа е тоа. Јас сум одовде. Ќе јадам ориз и ќе живеам во темнина ако морам “, вели една жена во студијата.



Жените со ниски плати, кои често живеат од плата до плата и жените кои илегално работат во САД се најранлива категорија.

Истражувањето на околу 500 хигиеничарки во хотели во Чикаго открива дека 49% од нив „налетале“ на еден гостин кој се соблекол пред нив. Исто така, чистачите кои работат на смени и работниците на фарма имаат проблеми да се одбранат од предаторските супервизори. Но и ресторанските работници имаат проблеми и тоа од три страни. Имено, Извештајот од 2014 година кој ги споделува резултатите од истражувањето на 688 ресторани од 39 држави, открива дека речиси 80% од женските работници биле малтретирани од колегите. Речиси 80% биле малтретирани од страна на клиентите, а 67% биле малтретирани од менаџерите - 52% од нив биле малтеререрани неделно. Работниците навеле и малтретирање од страна на купувачите, повеќе како вознемиреност, бидејќи не сакаат да го изгубат суштинскиот приход од бакшишот. Инаку, малку е и чудно што скоро 37 отсто од приговорите за сексуално вознемирување, поднесени од жени до Комисијата за еднакви можности за вработување во 2011 година, произлегле од ресторантската индустрија. Приказните, пак, кои конечно стануваат јавни, уште повеќе укажуваат на тоа како сексуалното вознемирување ги поткопува женските кариери: Ешли Џад и Мира Сорвино имале проблеми да најдат работа откако го отфрлуваат незаситниот Вајнштајн. Откако Гретхен Карлсон се жалеше на непријателска работна средина, таа почна да добива помалку значајни интервјуа за „Fox“ и „Friend-sand“. Исто така, откако се расчу и дека судијата од „Деветтиот круг“, Алексиј Козински, сексуално малтретирал службеници, многу жени не аплицирале за служба во тој суд, со што се отвора можност млади правници да станат службеници во Врховниот суд на САД. А, кога амбициозната конгресна службеничка Лорен Грин се пожалила на сексуално вознемирување од нејзиниот шеф, претставникот Блејк Фарентхолд, згаснува и нејзината кариера во политиката. Таа денес работи како соработник со скратено работно време. Но, често занемарен факт е дека некои жртви на сексуално вознемирување се мажи. Мажите имаат поднесено речиси 17% од приговорите за сексуално вознемирување до Комисијата за еднакви можности во 2016 година. Притоа, некои мажи се малтретирани од жени, но многумина се малтретирани и од други мажи, некои се „стрејт“ а некои, пак, „геј“. Историски гледано, обвинувањата за сексуално вознемирување се слаб потег во кариерата на една личност. А, ваквото однесување повеќе не се гледа како „прекршок”.



Работодавачите кои сакаат да постават процеси за справување со вознемирување може да започнат со стандардните политики за сексуално вознемирување. Организациската



обука треба да го опише она што е прифатливо, она кое ќе варира од компанија до компанија. Некои компании можеби ќе сакаат да додадат детали во врска со неодамнешните јавни настани на оваа тема. Изненадува и фактот дека некои луѓе имаат потреба да разберат дека порнографијата, бакнувањето, непристојните допири не се соодветни за на работа. Некои мажи, пак, имаат итна потреба да го зачуваат сексуалното вознемирување како привилегија, бидејќи како што мислат, во прашање е нивната машкост. Но тие имаат само една дефиниција на мажественост - токсична и застарена. Време е да одиме понатаму...

Денешното работно место

Никој не бара од мажите да престанат да бидат мажи или да престанат да бидат сексуални суштества. Она што денес се случува е дека една мала група мажи се обврзани да го напуштат стереотипот дека „вистинските мажи" треба да бидат безрезервно сексуални без оглед на контекстот или добиената согласност. Работните односи треба да се однесуваат само на работа. Некои организации немаат политики за ова. Но факт е дека има работни средини каде што луѓето имаат врска со колегите едноставно бидејќи поминуваат толку многу време на работа, па затоа има малку можност да запознаат некој друг. Сите знаеме дека многу од овие работи се случуваат за време на ручек, на вечера и заеднички излегувања на пијалок. Дружењето на овој начин е всушност добро. Но, ако се дружите со колегите на работа, треба да сфатите дека не можете да се однесувате несоодветно. Исто така, сè уште можете да им дадете комплимент на вашите колеги. Но, има голема разлика помеѓу „ми се допаѓа тој фустан" и „Ти изгледаш секси во тој фустан". Што ако некој навистина изгледа секси? Запомнете дека му давате комплемент на вашиот колега, а не на вашата девојка. Однесувајте се кон неа како колега, освен ако со меѓусебна согласност не ја промените вашата врска. Исто така, ако некој колега се обидува работната врска да ја насочи во сексуална насока, треба јасно да му се укаже дека тоа не е пожелно. А, ако некој се соочи со сексуална шега, што прави другиот да се чувствува непријатно, треба јасно да се каже: „Поради ова се чувствувам непријатно" и треба да се очекува шегата да престане. Еве еден совет кој би бил практичен за една жена на која еден колега ѝ предлага да имаат врска: „Ја знам твојата сопруга. Таа ми е пријателка. Ти си оженет. Вие сте во брак. Не постои начин да го разберам тоа. Па ајде да го заборавиме сево ова."
За крај еден совет кој сигнализира тектонски промени: Ако сте сексуално малтретирани, пријавете. **Повеќето луѓе кога одат на работа сакаат да работат.**



Културата на работното место во која сексуалното вознемирување е неконтролирано, честопати е ситуација од која се срамат и мажите кои одбиваат да бидат дел од тоа. Мажите кои не се вклопуваат, како и оние кои се малтретирани, се соочуваат со моменти кога треба да направат избор дали и како да интервенираат без да ја загрозат својата кариера. Сепак, многу мажи се чувствуваат непријатно кога гледаат дека бројот на обвинети постојано се зголемува

м-р Билјана Поповска

(адаптирано од: https://hbr.org/cover-story/2018/01/now-what)

Бунтот на Кривопаланечкиот баталјон

На 11 март, во Центарот за култура во Крива Паланка, беше промовирана книгата „Бунтот на моторизираниот пешадиски баталјон од Кривопаланечко против учеството во Граѓанската војна во Југославија во 1991 година“ на авторот, проф.



д-р Ѓорѓи Малковски. На чинот на промоцијата на овој труд, чиј издавач е Организацијата на резервните офицери на Македонија, присуствуваа околу 400 резервни офицери и подофицери, учесници во настаните во 1991 година како припадници на Кривопаланечкиот моторизиран баталјон, претставници на локалната самоуправа, на ЗОК, на Командата на резервните сили, граѓани на Крива Паланка, како и на Пробиштип, на Свети Николе, на Штип и на Кратово. Книгата, како што нагласи промоторот, доц. д-р Марјан Ивановски од Институтот за национална историја, според научната практика претставува извонреден материјал затоа што е пишувана од искази на директни учесници врз основа на нивното субјективно доживување.„Во нашата понова историја, досега не е посветено внимание на еден многу значаен настан, каков што е бунтот на Кривопаланечкиот батаљон во 1991 година. Овој бунт на 721 припадник на Баталјонот, не е значаен само за директните учесници, туку и за генерациите кои доаѓаат, за историјата, а посебно за воената историја и за Армијата на Р.Македонија, бидејќи станува збор за прв бунт во сè уште постојната СФР Југославијата против тогашната моќна ЈНА“, нагласи во обраќањето авторот, проф. д-р Ѓорѓи Малковски. Во завршниот дел од овој промотивен чин, претседателот на ОРОРМ, Малковски, на рез. офицери и подофицери, припадници на Кривопаланечкиот баталјон во 1991 година, им додели признанија за нивното учество во овие настани.

Слободарски традиции

Во организација на локалната самоуправа на Делчево, одбележана е 74-годишнината од Февруарскиот поход (1944-2018), на трите групи баталјони, кој ја опфатил речиси целата територија во вардарскиот дел и голема површина од егејскиот дел на Македонија. Со учество на повеќе планинарски друштва од Делчево, од Берово, од Пехчево и од Кочани, како и резервни офицери – членови на ОРОРМ од споменатите општини, на 25 февруари беше организиран традиционалниот кондиционен марш на релацијата: Спомен – дом на АСНОМ – Голак, во должина од 12 км. Во текот на маршот, 60-тина учесници совладаа височинска разлика од 896 м, а пред спомен-плочата на овој голем историски



настан, членовите на КУД „Гоце Делчев“ од Делчево презентираа рецитал посветен на Февруарскиот поход, кој претставува најголема воена операција што ја презема македонската Народноослободителна војска во 1944 година. Во чест на загинатите борци во НОАВМ и на загинатите во Февруарскиот поход, учесниците на маршот, на спомен-обележјето положија свежо цвеќе. Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, на учесниците на маршот им додели благодарници, а активностите завршија со заеднички ручек во шумската вила на планината Голак.

Чествување

На 4 март беше одбележана 17-годишнината од загинувањето на капетанот Кирчо Димитриов, кој, како припадник на безбедносните сили, на 4 март 2001 година во месноста Рамно, го даде својот живот во одбраната на територијалниот интегритет на Македонија. На чинот на чествувањето, пред спомен-бистата на бранителот, Општина Виница организираше панихида. Пригодно обраќање пред присутните имаше градоначалникот на Општина Виница, Ивица Димитров, а претседателот на ООЕ на ОРОРМ Виница, д-р Гоце Георгиев, направи осврт на настаните од 2001 година. Повеќе делегации, меѓу кои на потесното семејство на капетанот, на АРМ, на локалната самоуправа и на ОРОРМ, положија свежо цвеќе. Оддавањето почит кон загинатиот бранител беше збогатено со пригоден рецитал на хорот при ООУ „Гоце Делчев“ од Виница.



Живко Трајановски

ОДНОСОТ НА СОЕДИНЕТИТЕ ДРЖАВИ КОН МАКЕДОНСКО ОД 19 ВЕК ДО КРАЈОТ НА ПР ВОЈНА



Македонското прашање во времето на Источната криза 1875-1881 година предизвикало силно интересирање во САД. Информации за состојбите во османлиската држава во САД стигнувале од дипломатските претставници: од генералниот конзулат во Цариград и од вицеконзулот во Солун, Лазаро. Интересот особено се зголемил по сознанијата за Разловечкото востание од мај 1876 година кога во Македонија биле ангажирани многубројни османлиски воени сили за задушување на востанието. Американскиот вицеконзул во својот прв извештај од Солун, од 25 мај 1876 година, известувал за експлозивната ситуација во градот предизвикана од насилното исламизирање на едно христијанско девојче, што кулминирала со убиството на францускиот и на германскиот конзул од фанатизираната муслиманска маса. Набргу потоа, откако го испитал целиот случај врз основа на автентични искази од самиот терен во внатрешноста на Македонија (вицеконзулот патувал и во Богданци од каде било грабнато македонското девојче), во јуни доставил опширен извештај во кој што укажувал на тешката положба на крајно заострената ситуација не само во градот Солун, туку во целата внатрешност на Македонија. На Цариградската конференција на амбасадорите на големите европски сили, што започнала со работа во 1876 год. и продолжила во 1877 година, со намера да се најде дипломатско решение за прашањата на потчинетите и обесправени народи во Османлиската држава на Балканот и со тоа да се запре натамошното ескалирање на Источната криза,

Отворањето на САД кон Европа се вршело постапно, но систематски од крајот на 19 век. Поседите на Османлиската Империја во Азија и на Балканот претставувале подрачја кон кој е свртен американскиот интерес за економска, црковна и културна пенетрација, а потоа и за политичко влијание. Во тие рамки влегувала и Македонија, без оглед на тоа што сè до Првата светска војна интересот повеќе се насочувал кон Цариград и Малоазискиот регион

АМЕРИКАНСКИ ТО ПРАШАЊЕ ВАТА СВЕТСКА





САД, иако во тоа време немале свои посебни интереси во Македонија, се ангажирале за адекватно поставување и разрешување на македонското прашање. Дипломатијата на САД преку конзулот Е. Шујлер во соработка со американските професори од Роберт-колеџот во Цариград, подготвила сопствен предлог за автономија на Македонија, што бил претставен на Амбасадорската конференција во Цариград. По неуспешниот крај на Цариградската конференција, американските дипломатски претставници им препуштиле на европските големи сили и на османлиската дипломатија да изнајдат решенија за настанатите проблеми. Периодот од почетокот на 20 век до крајот на Првата светска војна во Македонија во континуитет се воделе вооружени борби. Во 1902 година започнало Горноџумајското востание, во 1903 година Илинденското, па Младотурското востание во 1908 година, а во меѓувреме се воделе самоуништувачките борби помеѓу внатрешните и уфрлените вооружени чети. Во 1912-1913 година се воделе Балканските војни, а во 1914 година започнала Првата светска војна и траела сè до ноември 1918 година. Овие две децении на континуирани вооружени борби главно се водела борба за поделба на Македонија. Големите сили, а особено соседните земји, загрижени само за своите територијални претензии и економски интереси не нашле сили и можност да ја согледаат реалноста и да ѝ овозможат на Македонија создавање на автономија или независна држава. Македонското прашање, кое беше едно од основните причини да започне Источната криза, на Берлинскиот конгрес 1878 година не беше решено, но со членот 23 му се даде можност за добивање статус на автономија во рамките на Османлиската Империја. Во Балканските војни 1912-1913 година источното прашање е решено, а македонското предизвика војна помеѓу сојузниците кои со поддршка и сугестии на големите сили на Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година Македонија ја поделија меѓусебно. Отворањето на САД кон Европа се вршело постапно, но систематски од крајот на 19 век. Поседите на Османлиската Империја во Азија и на Балканот претставувале подрачја кон кој е свртен американскиот интерес за економска, за црковна и културна пенетрација, а потоа и за политичко влијание. Во тие рамки влегувала и Македонија, без оглед на тоа што сè до Првата светска војна интересот повеќе се насочувал кон Цариград и Малоазискиот регион. Со операционализацијата на стратегијата на американската европска политика, Македонија, со својата геостратегиска положба, стана мошне значајно интересно подрачје и истурена позиција на САД во Европа, што дојде до израз пред крај на Балканските војни и во текот на Првата светска војна. Во тоа време САД, веќе имале апсолутна економска доминација, при што двете водечки сили од Антантата биле потполно економски зависни, што се сметало како клучен елемент за обезбедување на водечка политичка улога. Извештаите на американските дипломатски претставници во Османлиска Империја, односно Македонија, за ситуацијата во време на Илинденското востание што

Со операционализацијата на стратегијата на американската европска политика, Македонија, со својата геостратегиска положба, стана мошне значајно интересно подрачје и истурена позиција на САД во Европа, што дојде до израз пред крајот на Балканските војни и во текот на Првата светска војна. Во тоа време САД, веќе имале апсолутна економска доминација, при што двете водечки сили од Антантата биле потполно економски зависни, што се сметало како клучен елемент за обезбедување на водечка политичка улога



биле доставувани и до Конгресот, предизвикале поднесување интерпелации во 1903 година до претседателот за да се советуваат владите и на другите сили и заеднички да влијаат на Османлиската Империја да воведе реформи во Македонија. Во 1904 година неколку илјади Македонци поднеле петиција до американската Влада за САД да се замешаат во подобрувањето на состојбата во Македонија. По трагичниот завршеток на Илинденското востание, во повеќе градови во САД биле формирани комитети за поддршка на македонскиот народ. Такви имало во Њујорк, во Бостон, во Филаделфија и во други градови во кои членувале бројни истакнати личности. Во декември 1903 година група конгресмени поднеле интерпелација со која барале претседателот Теодор Рузвелт да се застапи за македонскиот народ. САД да побараат од европските сили нивна колективна интервенција за да се присили Владата на османлиската држава да се спроведат реформите во Македонија со можност за формирање на автономија на Македонија. Македонското иселеништво во САД, исто така, преземало многубројни активности за да влијае на официјалната политика на САД во заштита на македонскиот народ во татковината. Со целокупната дејност раководел Македонскиот комитет со седиште во Њујорк, со кого раководеле Константин Стефанов и Иван Радулов. Негови редовни членови биле: С. Лоу, поранешен градоначалник на Њујорк, В. Потер – англикански свештеник, банкарите: Џон С. Кенеди, Џон Конвернт и Морис Р. Џес, и други. На состаноците учествувал и сенаторот Хоер од Масачусетс, кој побарал од владата да се застапи за македонското прашање.

Во текот на Првата балканска војна, односно по победата врз османлиската војска, балканските сојузници се стремеле кон поделбата на Македонија, заради што започнала меѓусојузничката војна. Меѓутоа, во времето на заоструваењето на односите се сметало дека најдобри изгледи за арбитрирање има претседателот на САД, Вудро Вилсон. За тоа се застапувал претседателот на грчката влада Венизелос. Српскиот генерален конзул во Солун Васиќ ја известил владата во Белград за овие разговори. Венизелос предупредувал дека Бугарија набргу ќе започне војна и се искажал за можност за арбитража на претседателот на САД, Вудро Вилсон. Меѓутоа, бидејќи требало да се очекува тоа да трае долго, а војната само што не почнала, требало да се бара разрешување на спорните прашања во српско-бугарските односи. Притоа била предложена компромисна солуција со алтернативни решенија. Основната цел не била да се најде трајно праведно решение на проблемот, односно на македонското прашање, за да се стави крај на соперништвата и конфронтациите, туку единствено да се понуди некаква во моментот прифатлива основа за одбегнување на војната меѓу дотогашните сојузници. За основа на ова српско-бугарско спогодување се предлагало следното: неутрализација на Солун и на железницата од српската граница (од пред војната) до Солун; неутрализација на спорната зона; автономија на таа територија; арбитража, општо; арбитража на претседателот на САД како незаинтересирана страна; делба на спорната територија на еднакви делови; плебисцит.

Оваа идеја била иницирана од американските дипломатски претставници во Атина и во Виена и таквата можност ја прифаќала американската влада. Меѓутоа, во услови на крајна заострени односи меѓу балканските сојузници, американската дипломатија се воздржала од непосредно ангажирање. Се очекувало војната да го донесе решението.

Балканските држави и европските големи сили не ја прифатиле идејата САД да ја врши арбитражната улога. Меѓутоа, САД и понатаму со заинтересираност го следеле понатамошниот развиток на настаните на Балканот и особено положбата во која бил поставен македонскиот народ по окупацијата на Македонија од балканските држави. Владата на САД по Втората балканска војна за време на одржувањето на Конференцијата за

мир во Букурешт во јули-август 1913 година, интервенирала кај владите на балканските држави. САД испратиле нота до Конференцијата во Букурешт со следниот текст: „Владата на САД сака да стави на знаење дека во секоја конвенција што би била склучена во Букурешт со задоволство би сакала да види одредба за целосна граѓанска и верска слобода на жителите на секоја област што би потпаднала под суверенитет на која било од петте сили или која што би преминала од под јуриздикција на една под јуриздикција на друга држава.” Амбасадорот на САД во Букурешт, Џексон оваа нота на 5 август 1913 година ја врачил на претседавачот на Конференцијата Тито Мајореску (претседател на владата и министер за надворешни работи на Романија).

САД биле единствената држава што интервенирала за гарантирање на елементарните права на македонскиот народ, поделен и окупиран од соседните балкански држави. На нотата од Владата на САД делегациите на Грција и Романија одговориле дека таква одредба била непотребна, со образложение дека тоа само по себе се подразбирало како „општо признато”. Со оглед на тоа дека балканските држави не можеле едноставно да ја отфрлат нотата на една голема сила каква што била САД, на Конференцијата било решено барањето на САД да се внесе во записник, но не и како посебна одредба во договорот. Внесување на посебна одредба во договорот повлекувало меѓународна обврска за обезбедување на граѓанските и на верските права на македонскиот народ во државите меѓу кои што беше поделен. Тоа практично би значело признавање на посебноста на македонскиот народ и привремен карактер на нивната окупација и на окупациската власт во освоените делови од Македонија. На тој начин балканските држави ја отфрлиле и последната можност за обединување на Македонија.

Особено важни податоци за македонското прашање и македонската нација во време на Балканските војни ни соопштува еминентната американска фондација на Ендрју Карнеги со седиште во Вашингтон преку Карнегиевата комисија составена од еминентни правници и влијателни личности во меѓународните односи која објавила повеќе извештаи за состојбите на Балканот и на Блискиот Исток. Во официјалната публикација на Карнегиевата комисија за меѓународен мир за „Национализмот и војната



на Блискиот Исток“, објавена во 1915 година, се наведува „Откако балканските национални движења ги развија националните територии во држави, Македонија стана најважна земја и регион околу кој се водат етнички и социјални војни меѓу балканските народи и стана фокус на инфекцијата за треска за политичка војна во Европа. Понатаму во истото дело Втората балканска војна се именува како „војна за поделба на Македонија помеѓу балканските народи“. Во „Извештајот на Карнегиевата комисија за причините за Балканските војни и однесувањето на учесниците во Балканските војни“ објавен во Вашингтон во 1914 година се наведува: „ Недовербата секогаш беше активна меѓу бугарската Влада и



По трагичниот завршеток на Илинденското востание, во повеќе градови во САД биле формирани комитети за поддршка на македонскиот народ. Такви имало во Њујорк, во Бостон, во Филаделфија и во други градови во кои членувале бројни истакнати личности. Во декември 1903 година група конгресмени поднеле интерпелација со која барале претседателот Теодор Рузвелт да се заложи за македонскиот народ

Македонското револуционерно движење. Бугарската Влада беше постојано исплашена дека комитите можат да ја вовлечат во внатрешни или меѓународни компликации. Сега кога Македонија беше на позиција да биде ослободена, сè е направено за да се заштитат Македонците самите од себе за да немаат никаков директен удел во работата за ослободувањето...“

Во реномираниот Прирачник за дипломатската историја на Европа, Азија и Африка 1870-1914 од американските професори Френк Андерсон и Амос Херши, објавен во Вашингтон 1918 година кој денес најчесто го цитираат министерствата за надворешни работи на голем број држави е запишано:„Поголемиот дел од тешкотијата на Македонскиот проблем лежи во заеднички антагонизам на населението во Македонија и во амбициите на соседните балкански држави и нивните симпатии да придобијат македонски членови кон својата националност. Македонското прашање се разви во речиси константен извор на вознемиреност на дипломатите и државниците од Европа многу години пред 1914 година и стана во голема мерка „causa causans“ (главна причина) за Балканските војни 1912-1913 година, на тој начин придонесувајќи материјално за избувнувањето на Првата светска војна.“

Првата светска војна повторно македонското прашање го истакнала како акутен проблем. Ова прашање од регионално прераснало во прашање на глобалната светска политика. Тоа особено добило на значењето по влегувањето на САД во Првата светска војна и сè повеќе се расправало и во политичките и во воените



кругови. Според известувањата на српскиот пратеник во Лондон Јован М. Јовановиќ до српската влада во Белград, „...од сите комбинации најзастапувана била идејата за создавање посебна автономна област, што требало да се формира од еден дел од српската, бугарската и грчката територија, со која што тие држави се здобиле во Балканските војни 1912-1913 година, за да се одбегнат тешкотиите познати од минатото. Управата на таа автономна област не би била доверена ниту на нејзините жители, ниту на некоја од споменатите балкански држави, туку би ја зеле во свои раце Американците или Англичаните“.


Американската дипломатија по вклучувањето во војната го зголемила својот интерес за Македонија и пристапила кон собирање на информации и проучување на балканскиот проблем и особено за македонското прашање, заради градење став на претстојната Мировна конференција. Американскиот новинар Хербирт Кори во 1917 година во националното географско списание објавил потресна политички ангажирана репортажа од Македонија за трагичната положба на македонскиот народ.Тоа биле автентични видувања со цел американската научна и поширока јавност да се запознае со вистината дека во Македонија живее посебен македонски народ со изградено македонско национално чувство. Притоа ги соопштува зборовите на една Македонка, селанка, што лично ги слушнал на патот кај селото Добровени: „Не сум ниту Бугарка, ниту Србинка. Јас сум Македонка…”

Балканските држави и европските големи сили не ја прифатиле идејата САД да ја вршат арбитражната улога. Меѓутоа, САД и понатаму со заинтересираност го следеле понатамошниот развој на настаните на Балканот и особено положбата во која бил поставен македонскиот народ по окупацијата на Македонија од балканските држави

Информациите за страдањата на македонскиот народ имале непосредно влијание и придонеле за преземање хуманитарни акции на организации од САД. Во почетокот на 1917 година во Македонија допатувала Американката Емилија Симод во добротворна мисија. Таа во Македонски Брод згрижила и дневно прехранувала околу 150 деца, а облека добиле 94 лица. Покрај оваа во Македонија имало и други американски добротворни мисии. По интервенциите на многубројни македонски здруженија, како и по многубројни поединечни и лични обраќања до претседателот на САД, Вудро Вилсон, да се зафати во одбрана на македонското прашање во почетокот на 1918 година, во согласност со европската политичка стратегија на САД, била објавена Вилсоновата мировна програма во 14 точки. Оваа програма декларираше настапување на нови односи меѓу европските народи, односи на почитување на националните права и националното самоопределување.

Во Програмата на Вудро Вилсон во точката 11 се наведува, покрај другото, дека окупираните територии треба да бидат вратени, меѓусебните односи на балканските држави треба да се утврдат по пат на пријателски договор долж историски утврдените линии на припадност и националност. Тоа значи дека Македонија треба да се формира како држава во нејзините историски етнички и географски граници и дека тие граници треба да бидат меѓународно признати. Во согласност со 14 точки на Вудро Вилсон во британската влада било формирано специјално Биро за пропагандна работа на Балканот со цел правилно дефинирање на проблемот на Македонија. Се предвидувало да се „установи една автономна Македонија под протекторат на САД и со меѓународна жандармерија до нејзиното востановување. Покрај ова, за време на тајните преговори на Антантата на кои им се придружил и претставник на САД, со Бугарија, за склучување сепаратен мир, била прифатена идејата за разрешување на македонското прашање со создавање автономна македонска држава под протекторат на САД.” Тоа бил еден од најважните услови за склучување на сепаратен мировен договор на Бугарија со силите на Антантата на 29 септември 1918 година во Солун. Според тврдењето на еден од учесниците во договорот, архимандритот Стефан, требало „Македонија да се прогласи за автономна област, со претстолнина во Солун, под протекторат на САД“. Со тоа во иднина би се избегнале секакви проблеми на Балканот. Идејата за автономија на Македонија била разгледувана и потоа, меѓутоа интересите на Франција, В. Британија и на Србија и Грција биле посилни, по што меѓународната заедница одлучила да се прифатат решенијата на Букурешката конференција со дополнителни исправки на границата во Македонија со тоа што Струмица и околијата да му припаднат на Кралството на СХС.

Најобјективно, состојбата во македонското национално ослободително движење ја согледал ополномоштениот комесар на САД на мировната конференција во Версај во 1919 година Едвард Хаус со следните зборови: „Македонското прашање, некогаш главен политички проблем на Блискиот Исток, преминало во нова фаза. Ниту од Грците ниту од Србија се очекува да се откажат од македонската територија во полза на можна идна




STAFF OF THE INQUIRY AT THE PARIS PEACE CONFERENCE

Sitting (left to right): Charles H. Haskins, Western Europe; Isaiah Bowman, Chief of Territorial Intelligence; S. E. Mezes, Director; James Brown Scott, International Law; David Hunter Miller, International Law. Standing: Charles Seymour, Austria-Hungary; R. H. Lord, Poland; W. L. Westermann, Western Asia; Mark Jefferson, Cartography; Colonel House; George Louis Beer, Colonies; D. W. Johnson, Geography; Clive Day, Balkans; W. E. Lunt, Italy; James T. Shotwell, History; A. A. Young, Economics.

Македонија. Македонците се без лидери со вистински можности, а хетерогениот карактер на населението прави да нема можност за да го изрази заедничкото јавно мислење. Не постојат забележителни ресурси. Тоа е сиромашна земја, без шуми, повеќе опустошена и секогаш ќе биде комерцијален обврзник на заедниците или државите кои се побогати и економски подобро избалансирани. Поради тоа е невозможно дека македонското прашање повторно ќе се постави освен преку можниот нечовечки третман на Македонците од страна на Грците и на Србите.“ Особено значаен белег и податоци за Македонија во време на Првата светска војна оставил доајенот и основоположникот на американската фотографија Мер ла Вој со серија автентични фотографии направени за време на неговиот ангажманот при активностите на американскиот Црвен крст во Македонија за време на Првата светска војна. Огромен придонес за лекување на болните и ранетите во Македонија за време на Првата светска војна дале Американски медицински тимови стационирани на Македонскиот фронт. Американските лекари, специјалисти, медицински сестри, волонтери и други хуманитарци работеле на територијата на Македонија во рамките на организацијата на американскиот Црвен крст. Првата американска болница на територија на Македонија била организирана во декември 1914 година во Гевгелија, под раководство на д-р Етан Флег Батлер и д-р Ернст Магрдуред, и двајцата од Вашингтон, а како помошници хирургот др Џејмс Ф. Донели од Бруклин, Клапам Кинг од Анаполис, и Мортон Лејн од Њу Орлеанс, помагани од 12 медицински сестри. Под многу тешки услови во недостаток на основни средства за работа американскиот медицински тим во почетокто лекувал 175 ранети војници од двете спротивставени страни во зграда за преработка на тутун, искористена и адаптирана во воена болница. Како најголем недостаток се наведувала потреба за чиста вода. Набрзо во такви услови се појавиле тифусот и тифусната треска која набрзо ќе се прошири не само кај населението и болните и ранети војници туку ќе зафати и голем број на членови на американскиот медицински тим – доктори и медицински сестри. Меѓу жртвите бил и д-р Џејмс Ф. Донели, чиј гроб и денес се наоѓа во Гевгелија и сведочи дека хуманоста не признава граници и национални разлики туку е одлика на херојство и пожртвуваност за доброто на човештвото и како таква е потребна да се истражува и презентира во јавност. Ова е само еден пример на пожртвуваноста на американскиот народ и поддршката и соживотот што Македонците и Американците го имале и на американска почва, но и на територијата на Македонија во минатото. За време на опстојувањето на Македонскиот фронт од 1915-1918 година американски воени болници во Македонија се стационирани главно во Драма и во Кавала. Особено е значајна улогата на американските медицински тимови во сузбивање на епидемија на тифус појавена во текот на 1918 година и по потпишувањето на примирјето на Македонскиот фронт на 29 септември 1918 година, особено во Кавала, во Серес, во Драма, во Демир Хисар, под раководство на д-р мајор Семјуел Вокер, и докторите капетанот Пол Вајт, и поручниците Кларк, Бинџер и Хоџсон. Постојат бројни сведоштва, меѓу кои и дел од овие фотографии за меѓусебно препозавање на обичните луѓе, на искрени и посветени научни и медицински работници за посебноста на македонскиот народ и македонската борба за самостојна држава, бидејќи само како пример најчесто во документацијата за време на војната и по војната се користат термините Македонија и Македонците, без оглед на кој дел од територија на Македонија биле стационирани американските хуманитарни и медицински мисии.

д-р Александар Стојчев



Началници на Генералштабот на АРМ



Генерал-потполковник ГОРАНЧО КОТЕСКИ

Деветти по редослед НГШ на АРМ (16.8.2011 г.-17.8.2015 г.)

Генералот Горанчо Котески, военото образование го започнал со завршувањето на Средното воено училиште во Сараево во 1984 година. Потоа ја завршува Воената академија на КОВ 1987 во Белград и станува офицер на родот пешадија. Понатаму, ја завршил Командно-штабната академија во Скопје, а високи одбранбени студии завршил на Одбранбениот колеџ на НАТО во Рим.
Во досегашната кариера има завршено повеќе курсеви во СР Германија, во САД и во Канада. Во 2013 година магистрира во областа на безбедноста и одбраната на тема: „АРМ во системот на националната безбедност“. Во текот на кариерата извршувал бројни должности како командир на вод, командир на чета, командант на гардиски баталјон, командант на питомечки баталјон, командант на Центарот за обука на родови и специјални единици, заменик на командантот на 2. механизирана бригада во Кичево, командант на ЗОК. Во периодот од 2003 до 2008 година ја извршува должноста воено аташе во Сојузна Република Германија. Со Указ бр. 71 од 30.6.2003г., на претседателот на РМ, потполковникот Горанчо Котески, досегашен командант на Центарот за обука на војници за родови и специјални единици во Командата за обука во ГШ на АРМ, се поставува по мирновременска и воена формација за воено аташе во Берлин, СРГ. Во периодот од 2009 до 2011 година ја извршува должноста аѓутант на претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов. Со Указ бр. 1 од 8.7.2009 г., на претседателот на РМ, полковник Горанчо Котески, досега заменик на командантот на 2. механизирана пешадиска бригада „А“ во ЗОК во ГШ на АРМ, се поставува за аѓутант на врховниот командант на вооружените сили на Македонија во Кабинетот на НГШ на АРМ. Две години потоа, бригадниот генерал Горанчо Котески, актуелен командант на



ЗОК на АРМ, со Указ бр. 23 од 16.8.2011г., на претседателот на РМ и воедно врховен командант на вооружените сили, Ѓорге Иванов, е унапреден во чин генерал-мајор. Со Указ бр. 25 на претседателот на РМ, дотогашниот командант на ЗОК на АРМ, сега со чин генерал-мајор, Горанчо Котески, досега командант на ЗОК на АРМ, е поставен за НГШ на АРМ. Неговиот мандат како НГШ на АРМ го карактеризираат повеќе значајни активности: Во 2011 г. ЗОК се трансформира во нова организациско-формациска структура во согласност со стандардите на НАТО, организирана во секции од Ј-1 до Ј-9 и намален број на потчинети единици. Со Меморандумот за разбирање помеѓу Република Македонија и Командата за операции на НАТО од 2011 година се регулира поврзувањето на националните капацитети за воздушно набљудување и јавување со Интегрираниот систем за противвоздушна одбрана на НАТО.
Во 2012 г., започна нов циклус на трансформација. Процесот е планиран во текот на 2010-2011 година, во тесна соработка со НАТО и стратегискиот партнер САД. АРМ учествува во мисиите ИСАФ во Авганистан, мисијата АЛТЕА во БиХ и во мисијата УНИФИЛ во Либан. АРМ во 2012 г. одбележа значаен јубилеј, 20 години од формирањето во 1992 година. По повод овој јубилеј беа организирани бројни актив-



ЗОК се трансформира во нова организациско-формациска структура во согласност со стандардите на НАТО, организирана во секции од Ј-1 до Ј-9 и намален број на потчинети единици. Со Меморандумот за разбирање помеѓу Република Македонија и Командата за операции на НАТО од 2011 година се регулира поврзувањето на националните капацитети за воздушно набљудување и јавување со интегрираниот систем за противвоздушна одбрана на НАТО



ности кои вклучуваа хуманитарна помош, свечена академија, тактичко-технички збо-рови, кроводарителски акции, спортски нат-превари и слично. Во текот на 2012 година се изведе следнава вежба: COOPERATIVE LONGBOW LANCER 2012. Оваа вежба е од делот на НАТО/ПзМ вежбите. Во улога на носител на вежбата беше АРМ и Копнената команда на НАТО од Мадрид со вкупно 1650 учесници од Република Македонија и НАТО/ПзМ-земјите. ПСО од АРМ беше носител на меѓународната здружена вежба на специјалните сили на балканските земји Б-9 „WISE WOLF“. Вежбата се реализира во периодот од 01.06. до 10.06.2012 година на АП Криволак и ЦОВ Охрид. Командата за логистичка поддршка се трансформира во Бригада за логистичка поддршка. Истата се претпочини на ЗОК. Исто така се транс-формираа 1. бригада од Штип и 2. бригада во единствена бригада, чија команда е сместена во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец кај Скопје. На 24.12.2013 г. во Домот на АРМ, во присуство на највисоките претставници на МО и АРМ, на пензиони-раните генерали на АРМ, претставници на акредитирани воени аташеи и претставници на печатот, се изврши презентација на нова-та службена униформа на припадниците на АРМ. Во текот на 2013 г. АРМ учествуваше во мисиите „ИСАФ“ во Авганистан, мисијата АЛТЕА во БиХ и во мисијата УНИФИЛ во Либан. За прв пат во историјата на АРМ, Воениот дувачки оркестар на АРМ одржа концерт на плоштадот „Македонија“ по по-вод 18 Август, Денот на АРМ. На 7.12.2013 година, Воениот оркестар на АРМ во Домот на АРМ во Скопје го изведе Новогодишниот концерт. На Концертот присуствуваа: начал-никот на ГШ на АРМ, генерал-потполков-ник Горанчо Котески, генералите на АРМ, клучниот персонал во Министерството за одбрана и ГШ на АРМ, припадници од сите команди и единици на АРМ и дел од во-ените аташеи акредитирани во Република Македонија.

На 21.9.2014 г. во организација на пСО на АРМ се одржа Меѓународната показна веж-ба „Пребарување и спасување на повреде-ни лица на непристапен терен и планински простор“. На 21. 12 .2014 г., се одржа церемонија за свечено отворање на Воено-медицинскиот центар на АРМ. Здружената оперативна команда се трансформира во нова организациско-формациска структура во согласност со стандардите на НАТО, организирана во секции од Ј-1 до Ј-9 и на-мален број на потчинети единици.

Со Указ бр.42 од 16.8.2013 г., претседате-лот на РМ го унапредува генерал-мајорот Горанчо Котески, актуелен НГШ на АРМ, во чин генерал-потполковник. По истекот на мандатот, генерал-потполковникот Горанчо Котески остана на функцијата НГШ на АРМ уште цела година повеќе, кога со Указ бр.6 од 17.8.2015 г. на претседателот на РМ., генерал-потполковникот Горанчо Котески се разрешува од местото НГШ на АРМ, а за нов НГШ на АРМ беше именуван генерал-мајорот Методија Величковски. Истиот ден генерал-потполковник Горанчо Котески со Указ бр. 16 од 17.8.2015 г. на претседателот на РМ, генерал-потполковникот Горанчо Котески се поставува за државен советник за одбранбени и стратегиски прашања во МО на РМ.

Генералот Горанчо Котески во својата кариера извршувал бројни должности, почнувајќи од командир на вод и чета, за-меник-командант на пешадиски баталјон, командант на гардиски баталјон, на пи-томечки баталјон, на Центарот на обука за родови, бил воено аташе во СРГ, за-меник-командант на бригада, аѓутант на врховниот командат на АРМ, командант на ЗОК, НГШ на АРМ и советник за воени прашања на врховниот командант на АРМ. Во текот на својата кариера има добиено повеќе стимулативни мерки и признанија и вонредно унапредување. Одликуван е со Бронзен медал од вооружените сили на СРГ. Генералот Котески е добитник на Третоноемвриската награда на Општина Прилеп.

генерал во пензија Борис Стојаноски
проф. д-р Марјан Димитријевски

„Данкирк“



„Војните не се добиваат со евакуации. Но, во тоа повлекување имаше некаква победа која е вредна да се забележи. Нашата благодарност што беше спасена армијата не треба да го засени фактот дека она што се случи во Белгија и во Франција беше, всушност, колосална воена катастрофа.“

Винстон Черчил

Доверскиот проток во каналот Ла Манш е најкраткото растојание помеѓу двете копна – Британија и Франција. Оддалечени само 34 километри едно од друго, на ведар ден, гледајќи кон светлата од градовите на другиот крај на водната површина, овој проток изгледа толку мал, а другата страна толку блиску. Но, во 1940 година, за половина милион британски и француски војници, овој канал ќе биде граница помеѓу смртта и животот. Силите на Алијансата, опколени од сите страни од страна на германскиот окупатор и притеснети на плажите на малиот град Данкирк, на самата граница помеѓу Франција и Белгија, мораат да најдат начин да се евакуираат и да ја поминат водната површина или да умрат во последниот удар на нацистите. Режиран од докажаниот Кристофер Нолан кој стои зад повеќе „блокбастери“ во последните години, филмот „Данкирк“ веднаш добива високи оценки од публиката и критиката, дополнително потврдени со три награди и осум номинации на последното доделување на наградите „Оскар“, одржано минатиот месец.

Операција „Динамо“

Во историјата влезена под тајното име „Операција Динамо“, а меѓу народот како „Чудото од Данкирк“, операцијата за евакуација на сојузничките сили од брегот на Франција преку каналот Ла Манш е една од поголемите вакви операции во воената историја. Целата акција е изведена за осум дена, а голем удел во успешноста на истата има одлуката на нацистичкиот окупатор да ја стопира копнената офанзива и да го преориентира нападот кон авионско бомбардирање на плажите на Данкирк. Филмот на Нолан е одличен затоа што успева многу сликовито да ни ја пренесе тежината, безизлезноста, очајот на целата ситуација - стотици илјади војници наредени во долги колони на песочните плажи кои не успеале да ги задржат борбените линии и допуштиле да бидат притеснети до самото крајбрежје, па сега чекаат спас од британската влада да испрати бродови и да ги повлече дома. Но, германските авиони-бомбардери не дозволуваат туку така бродовите да стигнат до целта, а Черчил не е расположен да праќа нови бродови кога знае дека борбата за островската земја штотуку не започнала и за неа му е потребно сè со кое располага неговата армија. Стотици илјади луѓе, а само неколку бродови. Сепак, и во ситуација на очај, преовладува војничката дисциплина над желбата за преживување, нема туркање за место на бродовите, само колони во кои секој си го чека својот ред со






израз на лицето кој не влева многу надеж. Но стапнувањето на палубата на бродовите не значи спас од хоророт во Данкирк. Патот преку каналот е незивесен како што не се знае дали бродот ќе биде цел на бомба, торпедо, а луѓето на него ќе завршат како топовско месо или во длабочините на студените води на морето. Очајот е насекаде – во удавените тела кои плимата ги враќа на брегот, во групата војници кои одат на непријателска територија со надеж дека плимата ќе го повлече насуканиот брод, во војникот кој подлегнува на ужасот на ситуацијата и самиот си го одзема животот со давење... Но, пресвртот се случува токму тогаш кога надежта го допира дното. Кога се чини дека мнозинството од оваа голема бројка на војници ќе ги положат животите во песоците на плажата, помошта доаѓа од неочекувана страна. Наместо големи воени бродови, на повик на британската влада, стотици сопственици на мали јахти, туристички бротчиња и едрилици се одзиваат и тргнуваат преку каналот, ризикувајќи ги сопствените животи за да спасат дел од војниците.



Плејада на различни ликови

Може да се каже дека Кристофер Нолан навистина многу се потрудил во прикажување на психолошките состојби на ликовите во филмот и генерално на армијата, на тој начин овозможувајќи ни да го доживееме тоа чувство на осаменост и напуштеност кое владее во нив. Иако во филмот дејството го следиме низ патешествието на двајца млади војници кои се обидуваат на сите начини да го напуштат копното, истиот како да нема главни протагонисти. Во младите војници (од кои ќе се испостави дека едниот е всушност исплашен, залутан германски војник во потрага по спасение од војната) го гледаме стравот за сопствениот живот, наивноста и незрелоста на момчиња кои се далеку од мажи, а се веќе фрлени во војна со оружје во рака. Освен нив, друг впечатлив лик е господинот Досон, стар човек, сопственик на мала јахта, кој без размислување тргнува кон Данкирк да помогне колку што може. Војната, на самиот почеток го одзема неговиот син, за во спасувачката акција на Данкирк, да го одземе животот и на неговиот друг син, 17-годишно дете кое тргнува преку каналот со својот татко. Но, невообичаено е што во него нема гнев, туку Досон е симболично прикажан како татко на сите млади момчиња кои чекаат надеж на брегот од другата страна. За него секој еден живот е вреден и непроценлив и неговиот пат кон нив е непоколеблив и без сомнежи, без разлика на опасноста и данокот кој ќе го земе. Третата група на впечатливи ликови се авијатичарите, тројца пилоти на бомбардерите од кои зависи успешноста на евакуацијата. Нивната задача е да ги „ловат“ непријателските бомбардери кои ги напаѓаат бродовите за евакуација. Овие тројца се олицетворение на храброста и пожртвуваноста, спремни на секакви ризици за да не ги изневерат нивните соборци. Еден од нив завршува на бродот на Досон, по уривањето на неговиот авион, со видливи белези на психолошка траума од хоророт и пеколот во Данкирк. Секако, тука се и офицерите како координатори на процесот на евакуација, вистински лидери кои не ја напуштаат плажата сè додека не се осигураат прво дека нивните луѓе ќе заминат безбедно.

Победа или не?

„Дали ве разочаравме?“ Ова е прашањето кое си го поставуваат војниците по стапнувањето на британско тло. „Ние не направивме ништо, освен што преживеавме. Не се боревме, не сме херои.“ Чувството на вина ги следи сите оние кои наместо да ги одбранат Франција и Белгија завршуваат како бегалци од битката. Но, Черчил е дециден – за него овие обучени луѓе вредат многу повеќе од сите тенкови, оружја и воена машинерија кои мораат да ги остават зад себе, во рацете на германскиот окупатор. Со него се согласува и народот. За нив, спасувањето на 330.000 војници од рацете на нацистите е тивка победа, а големите битки допрва треба да почнат. Кристофер Нолан првпат се впушта во водите на воениот жанр, но тоа го прави подеднакво успешно како и во претходните филмови. До „Данкирк“ тој не навлегува во политичките и во воените одлуки, во стратегиите, ниту пак во битките (нацистите едвај се појавуваат во филмот), туку едноставно ни ја прикажува агонијата на луѓето кои немаат излез, ниту надеж, сето тоа спакувано во стоминутно храбро, моќно, предизвикувачко филмско дело.

Елена Ѓорѓиевска



Режија: Cristopher Nolan

Улоги: Fionn Whitehead, Barry Keoghan, Mark Rylance, Damien Bonnard, Barry Keoghan

Сценарио: Cristopher Nolan

Музика: Hans Zimmer

Времетраење: 104 минути

Земја: Холандија / Франција / В. Британија / САД

Година: 2017

Награди: Три „Оскари“ за најдобра монтажа на звук, звучни ефекти и видеомонтажа и осум номинации, награда БАФТА, номинација за „Златен глобус“



Селото Гари - бисерот на Мијачкиот крај

Селото Гари, кое се наоѓа во планински предел, под планината Стогово, е бисер на Мијачкиот крај, недопрена убавина на природата која во секое годишно време е убава. Свеж и чист воздух, температура многу пониска отколку во урбаните средини, жубор на вода и неверојатна вегетација – убавина што ја нуди Македонија, а малкумина ја користат.

Селото сега е помало од некогаш, но зрачи со историја. Куќите се изградени во стар стил, но модерни. Празно е преку зима, но преполно е кога ќе се стопат снеговите. До селото се стигнува возејќи на патот кон Дебар во Западна Македонија. Се скршнува кај месноста Бошков мост и оттука се оди право, и по 9-10 километри влегувате во селото Гари. Најпрво ќе ја видите Гарска Река, гласна и моќна, која може да се слушне од кој било дел на селото. Над неа високо се издига една карпа по која и го добила името „Високи камен“. На сред село се наоѓа црквата „Св. Богородица“, мала но прекрасна црква. Црквата е стара околу четири векови. Во неа е иконостасот изработен од гарецот и врвен копаничар Петре Филиповски-Гарката, еден од најпознатите гарци, познат по врвните иконостаси кои ги изработил во манастирот „Свети Јован Бигорски“, во црквата „Свети Спас“ во Скопје, но и во уште многу други цркви и манастири кои ги работел на Балканот. И меѓу сите стари икони, на куполата, изненадувачки насликано е „масонско око“ кое многу ретко се наоѓа во македонските цркви.

Селото Гари е опкружено со бачила каде што на старински начин го прават сирењето и каде може да пробате леб печен под сач, сирење и овчо млеко. Од врвот на Гари се гледа Мала Планина. Ред шума, ред трева. Насекаде околу Гари има поставено клупи на кои може да уживате во убавиот поглед. Над селото се наоѓа крст до кој се доаѓа многу лесно.

Останува само да го посетите селото и да ја почувствувате убавината, која не се опишува со зборови, треба да ја доживеете, бидејќи е одличен избор за релаксација, далеку од градската бучава.

Кристина Илиевска

Убавините на Македонија













